ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број: 09-198/10

Дата: 21.03.2016

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## РЕЗИМЕ

Извршивме ревизија на успешност на тема „Ефикасност на системот на креирање и реализација на политики, мерки и активности во насока на развој и поддршка на мали и средни претпријатија во Република Македонија" со цел да дадеме оценка на функционирањето на институциите одговорни за креирање и реализација на политиките, мерките и активностите за развој и унапредување на мали и средни претпријатија во Република Македонија, како и оценка на ефикасноста на спроведените мерки.

Опфатот и доказите кои се обезбедени по пат на спроведување на техники и методологија од страна на ревизијата, даваат основа да го изразиме следниот заклучок:

Политиките за развој и поддршка на мали и средни претпријатија што Владата на РМ во изминатиот период ги има преземено преку низа мерки и активности во насока на подобрување на сферата на нивното работење се однесуваат на поедноставување на регистрацијата на стопанските субјекти преку едношалтерски систем, поедноставен даночен систем преку воведување на рамен данок, користење на поволни кредити обезбезбедени од ЕИБ кредитните линии, поголема имплементација на информатичката и комуникациската технологија за поттикнување на Е-бизнисот, создавање услови за поголема улога на технологијата и иноваторството во развојот на МСП како и јакнење на дијалогот меѓу јавниот и приватниот сектор.

Креирањето на политики и мерки за развој и поддршка на МСП и претприемништвото е сфера во која треба да се вложат дополнителни напори за воспоставување на интегриран менаџмент систем со кој ќе се обезбеди силна комуникација меѓу институциите на централно и локално ниво, координација на нивните активности, мониторинг и евалуација на реализираните мерки.

Средствата кои од Буџетот на РМ се издвојуваат за извршување на дејноста на инстутуциите формирани за креирање и спроведување на политики, мерки и активности за развој и унапредување на МСП имаат влијание врз одржливоста, односно функционалноста и работењето на воспоставената институционална мрежа како и врз реализацијата на планираните мерки и активности за развој и унапредување на МСП.
Користењето на поволните кредити од Европската Инвестициона Банка, обезбедени од страна на Македонска банка за поддршка на развојот имаат постигнато позитивни ефекти во однос на надминување на проблемите на МСП и подобрување на нивното работење преку обезбедување трајни и обртни финансиски средства и започнување на инвестициски процеси. Ефекти се постигнати и во однос на намалување на каматните стапки на кредитите од деловните банки, така што во услови на лимитирани ЕИБ кредити, фирмите можат да користат и комерцијални кредити.

Во насока на поддршка на развојот и унапредување на работењето на МСП, нивно зајакнување во националната економија, како и за поддршка на новите бизниси и претпријатијата кои се насочени кон зголемување на конкурентноста и иновациите, потребно е да се преиспита можноста од проширување и зголемување на мерките и активности за нивна поддршка во развојот.

Периодот кој беше опфатен со ревизијата на успешност е 2013 година до 2015 година, во одредени области и прашања и настани пред 2013 година и последователно до денот на известување од извршената ревизија.

Ревизијата на успешност ги опфати следните области на ревизија:

- Правна рамка и стратешки документи кои ја регулираат областа на работење на МСП;
- Институционална поставеност, надлежности, соработка и координација на институциите задолжени за планирање, донесување и реализација на политики, мерки и активности во областа на развојот на МСП и претприемништвото;
- Влијанието на обезбедените финансиски и човечки ресурси врз навремено и квалитетно планирање, донесување и реализирање на мерки и активности во областа на МСП и претприемништвото;

- Мониторинг на реализирани активности и евалуација на ефектите и статистика за МСП.

Целокупниот опфат и доказите кои ги обезбедивме со спроведените техники и методологија, ни дадоа основа да утврдиме повеќе состојби:

- Во законите кои го регулираат доделувањето и користењето на државната поддршка за МСП постојат разлики во дефинирањето на мали и средни претпријатија што влијае на бројот на МСП кои можат да бидат директни корисници на државна поддршка преку мерките и активностите на Владата на РМ;
- Работењето на МСП во РМ е регулирано со обемна законска регулатива, со чести измени и дополнувања. Од причина што голем дел од МСП не располагаат со доволно стручни и квалификувани кадри кои можат континуирано да ги следат измените на правната регулатива, многу од МСП не се во можност да обезбедат пристап до средствата за поддршка кои Владата на РМ ги нуди преку соодветни мерки и институции;
- Не е обезбеден континуитет во донесување на долгорочни стратешки планови и среднорочни програми за нивна реализација со кои ќе се утврдат конкретни проблеми, мерки, средства и носители на активности кои ќе овозможат подобрување на условите за развој и унапредување на работењето на МСП;
- Со законите за основање и работа на институциите задолжени за изготвување, донесување и реализација на мерките и активностите за развој на МСП и претприемништвото, законите за регулирање на одделни сфери дејности, формирана е мрежа од институции како на централно, така и на локално ниво. Кај дел од институциите постои преклопување на надлежностите и активностите, а дел од институциите на локално ниво имаат скоро исти цели и задачи;
- Висината на средствата кои од Буџетот на РМ се издвојуваат за вршење на основната дејност на инстутуциите формирани за креирање и спроведување на политики, мерки и активности за развој и унапредување на МСП имаат директно влијание врз нивното функционирање, односно работење, како и врз реализацијата на планираните мерки и активности за развој и унапредување на МСП;
- Зголемени се изворите за финансирање на потребите на МСП од задолжувања во странство;
- Воспоставување на координација на активностите меѓу институциите на централно и локално ниво, воведување на мониторинг над реализираните активности, спроведување на евалуација над реализираните мерки ќе придонесат креирање на политики и мерки со кои ќе се овозможи натамошен развој и унапредување на МСП.

Во насока на надминување на утврдените состојби, ревизијата даде препораки во делот на:

- усогласување на законската регулатива заради обезбедување единствена класификација на МСП со цел еднаков третман при користењето на мерките на државна поддршка;
- да се испита можноста за ревидирање на законска регулатива за МСП како би се поедноставила рамката за нивното работење;
- продолжување на активностите за донесување на стратешки документи за развој и поддршка на МСП и претприемништво со активно учество на МСП и ЕЛС;
- сеопфатна анализа на институциите за поддршка на МСП во однос на нивното натамошно функционирање, здружување (спојување), јасно законско дефинирање на надлежностите, сферите на делување, целите, задачите и активностите, како и обезбедување на оддржливо финансирање од повеќе буџетски извори за нивно непречено работење;
- зголемување на нивото на координација и комуникација меѓу институциите на централно и локално ниво при реализација на мерките и активностите за развој и поддршка на МСП;
- преземање мерки и активности за воспоставување на интегриран систем на менаџмент на перформансите, мониторинг и евалуација.

Препораките произлезени од оваа ревизија ќе придонесат кон подобрување на мерките, политиките и активностите што ги креираат и реализираат институциите формирани за развој и унапредување на МСП преку носење на потребни стратешки и подобрени законски решенија со кои ќе се овозможи подобра организација, координација и комуникација на институциите задолжени за развој и поддршка на МСП како на централно така и на локално ниво.

Од страна на раководното лице на Македонска банка за поддршка на развојот добиени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, истите се разгледани и констатирано е дека дел се прифаќаат заради допрецизирање на одделни состојби, а дел не се прифаќаат.

# I. ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ

## 1. Вовед

Процесите што се одвиваат во водењето бизниси во последните години се карактеризираат со динамични технолошки промени, зголемена глобална конкуренција, неизвесност и ризик. Тие ја иницираат потребата од создавање и развој на мали и средни претпријатија - МСП кои со својата иновативност и креативност, перманентно зголемување на продуктивноста и флексибилноста, ќе одговарат на ново настанатите услови и значително ќе придонесат за вкупниот општествен развој. Од аспект на својата големина и флексибилност, МСП го претставуваат најдинамичниот, но во исто време и најчувствителниот сегмент во структурата на стопанството чии што перформанси директно и објективно ги рефлектираат општите состојби во економијата на земјата.
Препознатливи се како креатори на работни места, придонесуваат за зголемување на извозот, за создавање на иновативни производи и услуги, поголема промоција на домашните производи на странските пазари и се важен фактор во намалувањето на невработеноста и сиромаштијата и подобрување на животниот стандард. Секторот на МСП ги опфаќа сите видови компании, почнувајќи од трговци -поединци, па се до задруги. Некои МСП даваат крајно традиционални услуги, додека други се брзо-растечки кои користат високи технологии. Корелацијата помеѓу микро, малите и средни претпријатија и економскиот развој на земјите е сè поактуелна, бидејќи истите бележат голема експанзија.
Токму од овие причини секторот на МСП во светски рамки претставува важен сегмент во вкупната економска активност на секоја национална економија.

Движењата и промените во македонската економија во изминатиот период во најголем дел се должат на промените кои произлегуваат од работењето на микро и малите претпријатија.

Според податоците добиени од Централен Регистар на РМ, во табелата и графиконите подолу прикажани се: бројот на активни претпријатија, структурата на економијата во РМ според Националната класификација на дејностите - НКД 2, и движењето на бројот на вработени лица во МСП секторот во Република Македонија.

**Табела 1: Број на претпријатија според нивната големина**

| Година | Микро | Мали | Средни | Големи | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| **2010** | 40722 | 16000 | 501 | 241 | **57464** |
| **2011** | 39204 | 16424 | 548 | 331 | **56507** |
| **2012** | 39382 | 16477 | 593 | 373 | **56825** |
| **2013** | 38404 | 16887 | 596 | 420 | **56307** |
| **2014** | 37533 | 17219 | 609 | 435 | **55796** |

Секторот на микро и мали претпријатија претставува 97%-98% од вкупниот број на претпријатија во РМ кои се прикажани во графикон 1.




**Графикон 1: Број на активни микро, мали, средни и големи претпријатија во РМ**

Микро и мали претпријатија по дефиниција се претпријатија во сопственост на едно лице или индивидуа, каде што сопственоста и менаџментот се независни и вообичаено немаат вработено повеќе од 10, односно 50 лица.

Во графикон 2 прикажана е структурата на стопанството на РМ по дејности согласно Националната класификација на дејностите - НКД 2. Во останати дејности се вклучени: Образование; Уметност, забава и рекреација; Дејности во врска со недвижен имот; Финансиски дејности и дејности на осигурување; Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација; Снабдување со вода, отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината; Рударство и вадење на камен; Јавна управа и одбрана, задолжително социјално осигурување.




**Графикон 2: Структура на стопанството на РМ по дејности согласно НКД 2**

Според информациите, исто така добиени од ЦРРМ, најголем број од вработените лица во РМ се ангажирани во малите претпријатија:

**Табела 2: Број на вработени лица во претпријатијата**

| Година | Микро | Мали | Средни | Големи | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|
| 2010 | 66615 | 146058 | 57194 | 68612 | 338479 |
| 2011 | 65445 | 150376 | 55760 | 72450 | 344031 |
| 2012 | 66344 | 152392 | 56200 | 72955 | 347891 |
| 2013 | 65766 | 153587 | 54163 | 80300 | 353816 |
| 2014 | 64713 | 158931 | 57260 | 84206 | 365110 |

Процентуално, бројот на вработени лица во МСП според нивната големина е прикажан во графикон 3.




**Графикон 3: Процентуален приказ на број на вработени лица во претпријатијата според нивната големина**

Во насока на подобрување на условите за развој на МСП секторот, во изминатиот период преземани се низа мерки и активности со кои е овозможено:

- поедноставување на процедурите за отворање нови бизниси,
- преструктуирање на даночниот систем,
- поволности за нови вработувања и самовработување и
- пристап кон поволни финансиски извори.

## 2. Законска регулатива

Основањето, условите за работење и дејствувањето на претпријатијата во РМ е уредено со законски и подзаконски акти, национални стратешки програми, среднорочни и годишни програми, стратегии за развој на општините и други акти од регионално значење.

Со Законот за трговски друштва[1] покрај другото уредено е основањето и класификацијата на микро, мали, средни и големи претпријатија во РМ. Како земја кандидат за членка во ЕУ, Република Македонија има извршено усогласување на своето законодавство со законите во ЕУ, така што со донесување на Законот за

[1] Службен весник на РМ број 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 17/09, 23/09, 42/10, 48/10, 8/11, 21/11, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14 и 138/14

трговски друштва и законите за негово изменување и дополнување, РМ ја има прифатено методологијата на Европската комисија за класификација на претпријатијата и на тој начин е извршена хармонизација на националната со европската дефиниција за МСП.

Дефиницијата за МСП се темели на три параметри:

- број на вработени,
- годишен приход и
- просечна вредност на вкупни средства по годишни сметки во последните две години.

Со цел запознавање на условите и можностите за работење и развивање на МСП, со ревизијата ги опфативме следниве акти:

- Закон за трговски друштва;
- Закон за организација на органите на државната управа;
- Закон за основање на Агенција за поддршка на претприемништвото;
- Закон за основање на Македонска банка за поддршка на развојот;
- Закон за здруженија и фондации;
- Закон за иновациска дејност;
- Национална Стратегија за развој на мали и средни претпријатија (2002-2013);
- Програма за работа на Владата на Република Македонија за 2011-2015 година;
- Програма за развој на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на малите и средни претпријатија (2007-2010);
- Стратегија за иновации на Република Македонија 2012-2020;
- Годишни програми на Министерството за економија за развој на претприемништво, конкурентноста и иновативноста на МСП за 2013, 2014 и 2015 година;
- Годишни програми на Агенција за поддршка на претприемништвото за конкурентност, иновации и претприемништво за 2013, 2014 и 2015 година;
- Програми за рамномерен регионален развој на Министерството за локална самоуправа за 2014 и 2015 година;
- Стратегии и стратешки планови за локален економски развој на општини и
- други законски и подзаконски акти .

## 3. Институционална инфраструктура

Сите мерки и активности кои се реализирани и се реализираат во областа на развојот и поддршка на МСП се во функција на јакнење на јавната поддршка кон нив, која најчесто се изразува во вид на организирана мрежа на институции (државни, јавни, регионални и/или локални, приватни) кои нудат различни видови на финансиска и нефинансиска помош и создаваат општо поволна рамка во која ќе функционираат и ќе се развиваат бизнисите.

Поддршката на приватниот сектор е во директна надлежност на Министерството за економија на Република Македонија. Дополнителна одговорност за економскиот развој и поддршка на приватниот сектор имаат: Министерството за труд и социјална политика, Министерството за локална самоуправа, Министерството за образование и наука и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство како носители и реализатори на политиките, мерките и активностите утврдени од Владата на РМ.

Координацијата на остварувањето на приоритетите во економскиот развој се остварува од страна на Заменик Претседателот на Владата на РМ одговорен за економски прашања и неговиот кабинет.

Во графикон 4 прикажани се институциите кои согласно важечките закони, стратегии, програми и други акти имаат своја улога и значење во спроведувањето на утврдените мерки и активности за развој и унапредување на МСП.




**Графикон 4: Институции за спроведување на мерки и активности за развој и унапредување на МСП.**

[2] Национален Совет за претприемништво и конкурентност

## 3.1. Сектор за претприемништво и конкурентност на МСП при Министерство за економија

Согласно Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Министерството за економија, Секторот за претприемништво и конкурентност на МСП помеѓу другото е надлежен да ги врши работите кои се однесуваат на:

- развој на МСП и занаетчиите преку поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста;
- изготвување годишен план за работа, Стратешки документи за развој на претприемништвото и конкурентноста и МСП, Акциони среднорочни програми на мерки и активности за реализација на Стратешките документи за развој на МСП, едногодишни програми за поддршка на претприемништвото и конкурентноста и МСП;
- покренување иницијативи и активности за донесување на нормативни акти со кои се поттикнува претприемништвото, конкурентноста и иновативноста и МСП и занаетчиството;
- изготвување програми и проекти за поддршка на претприемништвото и конкурентноста и МСП и занаетчиството;
- соработка со органите и телата на ЕУ за подршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста и МСП;
- организирање и координација на соработка со странски донатори за реализација на проекти кои го поддржуваат претприемништвото, конкурентноста и иновативноста и МСП;
- ширење на институционална инфраструктура, соработка со Агенциите, регионалните, локалните центри за развој и бизнис центрите преку елементи на финансиска и нефинансиска поддршка;
- развој на човечките ресурси;
- организирање и координација на активности кои ги промовираат МСП и занаетчиите, активности околу одржувањето на советувања, конференции, форуми и симпозиуми за поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста и МСП, соработува со домашните и странските информативни мрежи и бази на податоци и
- изготвување на мислења и анализи за прашања поврзани со спроведување на одредени политики и друго.

## 3.2. Агенција за поддршка на претприемништвото на Република Македонија-АППРМ

Основањето, организирањето и работењето на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија е уредено со Законот за основање на

Агенција за поддршка на претприемништвото[3]. АППРМ се основа за реализација на Програмата на мерки и активности за поддршка на претприемништвото и создавање конкурентност на малото стопанство во Република Македонија и за реализација на други програми донесени од Владата на Република Македонија кои се однесуваат на претприемништвото и малото стопанство.

Согласно Законот, Агенцијата е надлежна за следните активности:

- реализација на четиригодишната Владина програма донесена на предлог на Министерството за економија;
- координација и развој на мрежа на институции за поддршка на развојот на претприемништвото и малото стопанство;
- давање поддршка за примена на иновации и воведување современи технологии во малото стопанство;
- учество во реализација на проекти кои обезбедуваат деловна соработка, партнерство и поврзување на економиите во регионот, во ЕУ и пошироко;
- помагање на интегрирањето на малото стопанство во меѓународниот пазар;
- давање поддршка за самовработување, за зголемување на вработеноста и едукација на претприемачите за започнување и водење сопствен бизнис;
- создавање и одржување бази на податоци во врска со стопанските субјекти, пазарните потреби, актуелните трендови во стопанството и друго;
- обработка и дистрибуција на пакет информации за различни целни групи-корисници;
- обезбедување информации за закони и други прописи поврзани со започнување и водење сопствен бизнис и
- други работи во врска со поттикнување на развојот на претприемништвото и конкурентноста на малото стопанство.

## 3.3. Национален совет за претприемништво и конкурентност - НСПК

Националниот совет за претприемништво и конкурентност на Република Македонија е непрофитно здружение, формирано како здружување на лица (правни и физички) со мисија да промовира идеи и начела кои ќе овозможат долгорочен и одржлив економски развој на Република Македонија. Реализацијата на утврдената мисија се одвива преку остварувањето на целите на НСПК:

- зајакнување на дијалогот помеѓу јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор;
- зголемување на свеста и знаењето кај пошироката јавност за улогата и важноста на претприемништвото и конкурентноста на македонските производи и услуги;
- постигнување консензус за решавање на најважните економски проблеми со кои се соочува Република Македонија;

[3] Службен весник на РМ број 60/03, 161/09, 171/10 и 41/14

- идентификување на предностите и слабостите на македонската економија, како и изворите и причините за актуелните состојби;
- препорачување политики и стратегии за зголемување и унапредување на конкурентноста на македонската економија, продуктивноста на малите и средни претпријатија и на претприемништвото;
- надзор и евалуација на процесот на имплементација на реформите неопходни за подобрување на конкурентноста на македонската економија;
- подобрување на условите и намалување на трошоците за водење бизнис;
- промоција и поттикнување на извозот за производите и услугите со повисока додадена вредност на пазарите, надвор од земјите од регионот;
- развивање на политики на вклучување на финансиските институции во развојот на конкурентна економија;
- развивање на политики за зголемување на домашните и на странските инвестиции;
- други цели и задачи во согласност со мисијата на НСПК на РМ.

## 3.4. Регионални центри и останати центри

Регионалните центри за поддршка на претприемништвото - РЦПП лоцирани во Скопје, Струмица, Велес, Куманово и Битола се формирани во 1996 година во рамките на PHARE програмата во Република Македонија.
Подоцна во 1999 година со помош на Британскиот Know How Fund формирани се три Агенции за поддршка на претприемништвото - ЕСА (Enterprise Support Agency) во Охрид, Тетово -Гостивар и Прилеп (ЕСА во Прилеп не работи).

Во текот на 2010 – 2011 година, работењето на РЦПП и ЕСА е усогласено со Закон за здруженија и фондации (Службен весник на РМ број 52/2010) и истите функционираат како фондации формирани од физички лица и локални здруженија. Основната цел на овие фондации согласно нивните Статути, е промоција на концептот на претприемништво, обезбедување широк обем на услуги за секторот на МСП, давање на совети и информации за постоечките и потенцијалните претприемачи во градовите и регионите каде дејствуваат.

## 3.5. Центри за развој на планскиот регион – ЦРПР

Центрите за развој на планските региони се основани според Законот за рамномерен регионален развој и се функционални во сите осум плански региони[4].

[4] Скопски плански регион со седиште во Скопје, Североисточен плански регион со седиште во Куманово, Источен плански регион со седиште во Штип, Југоисточен плански регион со седиште во Струмица, Вардарски плански регион со седиште во Велес, Пелагониски плански регион со седиште во Битола, Полошки плански регион со седиште во Цепчиште, Југозападен плански регион со седиште во Струга.

ЦРПР има улога да ги спроведува одлуките, програмите и проектите за рамномерен регионален развој донесени од страна на Советот за развој на планскиот регион (советот е составен од градоначалниците на општините во регионот).
Средствата за финансирање на работењето на ЦРПР се обезбедуваат од буџетот на општините и од Министерството за локална самоуправа, додека финансирањето на проектите се врши и преку Бирото за рамномерен регионален развој, врз основа на годишни апликации од ЦРПР.

## 3.6. ЛЕР центри

Согласно Законот за локална самоуправа[5], општините се надлежни за создавање услови и поддршка на локалниот економски развој – ЛЕР на нивната територија. Планирањето, утврдувањето на развојни и структурни приоритети, водењето на локалната економска политика, поддршка на развојот на МСП и претприемништвото на локално ниво се врши преку сектори/оделенија во рамки на општинската администрација преку реализација на стратегии и програми како и преку воспоставување и развој на локална мрежа на институции и агенции за промовирање на МСП и претприемништвото.

## 3.7. Македонска банка за поддршка на развојот – МБПР

Македонска банка за поддршка на развојот е единствената развојна банка во Република Македонија, основана со посебен закон[6] со цел да обезбеди поддршка и поттикнување на развојот на македонското стопанство преку кредитирање на мали и средни претпријатија и извозни компании, која функционира вон институциите формирани за развој и унапредување на МСП.

Основни задачи на Банката се :
- финансирање на развојот на трговските друштва основани во РМ;
- поттикнување на извозот;
- поддршка на МСП основани во РМ;
- финансирање на инфраструктурата;
- поддршка на регионалниот развој и
- финансирање на проекти за обезбедување и заштита на животната средина и на обновливи извори на енергија.

За извршување на задачите и активностите МБПР обезбедува средства по пат на задолжување во земјата и странство и со издавање на должнички хартии од вредност.

[5] Службен весник на РМ број 5/2002.
[6] Закон за основање на Македонска банка за поддршка на развојот Службен весник на РМ бр. 24/98, 6/00, 109/05, 130/08, 105/09;

## 3.8. Фонд за иновациска дејност и технолошки развој – ФИТР

Со цел подобрување на конкурентноста и иновациите во РМ, донесен е Закон за иновациска дејност[7], кој заедно со Стратегијата за иновации на Република Македонија за 2012 - 2020 треба да обезбедат насочување на РМ кон креирање на општество кое ќе биде базирано на знаење - knowledge based society и да обезбеди успешно позиционирање на РМ на меѓународниот пазар на знаење и иновации.

Финансирањето на иновациската дејност се обезбедува од: Буџетот на РМ, буџетите на ЕЛС, меѓународни финансиски организации, Фондот за иновациска дејност и технолошки развој - ФИТР и други фондови.

Фондот врши работи поврзани со финансирање на подготовка, реализација и развој на програми, проекти и други активности од областа на спроведувањето на иновациската политика, а особено:

- обезбедување на средства во Фондот и управување и нивно користење;
- посредување во врска со финансирањето на иновациската дејност од средства на меѓународни организации, финансиски институции и тела, како и домашни и странски правни и физички лица, особено во областите на науката и технологијата согласно со приоритетите утврдени во стратегијата за иновации;
- водење база на податоци за корисниците на средствата доделени од Фондот, идентификациски податоци за субјектот/тите на кои им се одобрени средства, програмите, проектите и другите активности во областа на иновациската дејност кои Фондот ги финансира, како и потребните и достапните финансиски средства за нивна реализација;
- избира друштво за управување со приватни фондови преку јавен повик, кој ќе управува со средствата на Фондот наменети за реализација за инструментите за еквити и мезанин инвестиции;
- врши следење и евалуација на проектите за кои има доделено средства, со цел за развој на претприемачко општество во Република Македонија и
- други активности.

Фондот доделува финансиски средства согласно со стратегијата за иновации и програмите за работа на Фондот кои се однесуваат на следниве области:

- обезбедување на услуги и почетен капитал за формирање и раст на новоосновани трговски друштва преку доделување на финансиски средства за иновациски проекти,
- доделување на кофинансирани грантови и условени заеми за комерцијализација на иновации,

[7] Службен весник на РМ 79/13, 137/13, 41/14, 44/15

- поттикнување на приватните инвестиции и финансирање на развојните и/или иновациските проекти во сите фази на развојот преку сопственички капитал и преку комбинација на сопственички капитал и кредити, преку обезбедување на поволни извори на кредит и гаранции за инвеститорите и
- поддржува формирање на приватни фондови преку инвестирање на средства или гарантирање на добивка од инвестираните средства.

Фондот средствата ги доделува преку следниве инструменти за поддршка:

- Кофинансирани грантови за новоосновани страт-ап[8] и спин-оф[9] трговски друштва;
- Кофинансирани грантови и условени заеми за комерцијализација на иновации;
- Еквити и мезанин инвестиции[10];
- Кофинансирани грантови за трансфер на технологии и
- Техничка помош.

## 4. Финансирање на институциите и активностите

Финансирањето на институциите и активностите кои се во насока на развој и унапредување на МСП се обезбедуваат од:

- Буџетот на РМ преку годишните програми за работа на Министерството за економија и АППРМ, Министерството за локална самоуправа;
- Буџетите на единиците на локална самуправа;
- сопствени приходи на институциите (за МБПР);
- заеми од EIB и IBRD;
- донации од UNDP, GTZ и CIP проекти;
- средства обезбедени од IPA програма за меѓугранична соработка и
- други извори.

---

[8] Старт-ап –новоосновано микро, мало и средно трговско друштво основано од едно или повеќе физички и/или правни лица од чие основање до моментот на аплицирање за финансирање од Буџетот на Република Македонија, не поминале повеќе од шест години;

[9] Спин-оф -новоосновано трговско друштво основано од едно или повеќе физички лица вработени/ангажирани или студенти во установата која врши високообразовна, односно научноистражувачка дејност и/или правни лица основани од установи кои вршат научноистражувачка дејност и/или од стопански субјекти, со цел за комерцијална експлоатација на иновацијата, префрлена во новоснованото трговско друштво;

[10] Еквити инвестиција е вложување во трговско друштво со ограничена одговорност и трговец поединец со што се откупува постоечки удел од сопственоста на трговско друштво кое врши иновациска дејност согласно со Законот за иновациска дејност или вложување со кое се стекнува нов удел во тоа трговско друштво;
Мезанин инвестиција е вложување кое ги има карактеристиките и на еквити инвестиција и на кредитирање на трговско друштво со ограничена одговорност и трговец поединец кое врши иновациска дејност согласно со Законот за иновациска дејност.

## II. ЦЕЛИ, ОПФАТ И МЕТОДОЛОГИЈА НА РЕВИЗИЈА

### 1. Цели на ревизијата

1.1. Целта на ревизијата на успешност е да одговори на прашањата:

- Дали воспоставениот систем на креирање и реализација на мерки и активности во областа на развој и поддршка на МСП и претприемништвото е ефикасен?
- Дали постојат и кои се проблемите при реализација на мерките и активностите; идентификување на причините и предлагање на мерки за нивно надминување?
- Дали на МСП им е овозможен едноставен пристап кон поволните извори на финансирање обезбедени од ЕИБ кредитните линии?

Со ревизијата на успешност ќе се постигне согледување на слабостите, недостатоците и проблемите со кои се соочуваат институциите задолжени за спроведување на мерките и политиките за развој и унапредување на МСП, што од своја страна ќе придонесе кон донесување на потребни стратешки документи, долгорочни програми и законски подобрени решенија, реорганизација, подобра координација и комуникација на институциите задолжени за развој и поддршка на МСП.

1.2. Ревизијата на успешност е извршена согласно Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2015 година на тема: „Развој и унапредување на мали и средни претпријатија во РМ„ со цел „Ефикасност на системот на креирање и реализација на политики, мерки и активности за развој и поддршка на мали и средни претпријатија во Република Македонија“.

1.3. Ревизијата на успешност ги опфати следните области на ревизија:

- Правна рамка и стратешки документи кои ја регулираат областа на работење на МСП;
- Институционална поставеност, надлежности, соработка и координација на институциите задолжени за планирање, донесување и реализација на политики, мерки и активности во областа на развојот на МСП и претприемништвото;
- Влијанието на обезбедените финансиски и човечки ресурси врз навремено и квалитетно планирање, донесување и реализирање на мерките и активностите во областа на МСП и претприемништвото;
- Мониторинг на реализирани активности и евалуација на ефектите и статистика за МСП.

## 2. Опфат на ревизија

2.1. Со ревизијата на успешност беа опфатени следните субјекти:

- Министерство за економија - Сектор за претприемништво и конкурентност;
- Сектор за економски политки, структурни реформи и инвестиции при Генерален секретаријат на Влада на РМ;
- Агенција за поддршка на претприемништвото во Република Македонија;
- Македонска Банка за поддршка на развојот;
- Национален совет за претприемништво и конкурентност;
- Централен регистар на Република Македонија;
- Државен завод за статистика;
- Фонд за иновации и технолошки развој;
- Министерство за локална самоуправа;
- Бизнис центар за поддршка и советодавни услуги за МСП во рамки на Скопски плански регион;
- Newman`s business accelerator;
- Фондација Претприемачки сревис за млади (инкубатор).

Преку прашалници беа опфатени пет деловни банки, регионалните центри за поддршка на претприемништвото во Скопје, Тетово, Струмица, Куманово и Битола, ЕСА центрите во Тетово и Охрид, како и сектори/одделенија за локален економски развој во 16 општини.

2.2. Со ревизијата на успешност го опфативме периодот од 2013 година до 2015 година, во одредени области и прашања и настани и пред 2013 година и последователно до денот на известување од извршената ревизија.

## 3. Методологија

3.1. Ревизијата на успешност е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на ВРИ (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во РМ при вршењето на државната ревизија.

3.2. Ревизијата на успешност е независно испитување на ефикасноста и ефективноста на владините активности, програми или организации, со оправдана почит кон економијата и целта која води кон подобрувања.

3.3. Оваа ревизијата на успешност преставува објективна и систематска проверка на докази со цел обезбедување на независна проценка на мерките и политиките кои се креираат и спроведуваат од страна на надлежните

институции со цел обезбедување континуиран развој и поддршка на МСП и претприемништвото во Република Македонија.

3.4. Заклучоците од оваа ревизија на успешност ќе придонесат за унапредување на мерките, политиките и активностите што ги креираат и реализираат институциите формирани за развој и унапредување на МСП преку носење на потребни стратешки и подобрени законски решенија со кои ќе се овозможи подобра организација, координација и комуникација на институциите задолжени за развој и поддршка на МСП како на централно така и на локално ниво.

3.5. Во ревизија на успешност применивме комбинација од системски ориентиран, проблемско ориентиран пристап и пристап ориентиран кон резултати и се стекнавме со информации за:

- начинот на кој е воспоставен и функционира системот на креирање и реализација на мерки и активности во областа на развој и поддршка на МСП и претприемништвото,
- проблемите со кои се соочуваат институциите при реализација на мерките и активностите, причините за истите како и ефектите од спроведените мерки и активности врз МСП и
- ефектите во работењето на МСП по искористувањето на кредитните линии обезбедени преку Македонска Банка за поддршка на развојот и деловните банки во Република Македонија.

3.6. Со цел добивање на релевантни и доволни ревизорски докази кои водат кон ревизорските наоди, заклучоци и препораки ги користевме следниве техники на ревизија на успешност:

- увид и испитување на приложена документација (стратегии, програми за работа, изготвени извештаи за реализирани активности од наведените институции и други доставени документи);
- интернет пребарување низ законска и стручна литература;
- разговори/интервјуа со одговорни лица во субјектите, опфатени со прелиминарните истражувања,
- истражувања со прашалници и
- анализа на податоци.

3.7. Ревизијата на успешност е извршена во периодот од 15.07.2015 до 20.12.2015 г година, од страна на тимот на Државниот завод за ревизија.

3.8. Резултатите од спроведената ревизија на успешност беа презентирани на завршен состанок на ден 28.12.2015 година.

3.9. Прелиминарните истражувања беа насочени кон повеќе области заради стекнување информации за:

- законската и подзаконската регулатива со која се регулира областа на развој и унапредување на МСП;
- надлежностите и ингеренциите на институциите задолжени за спроведување на мерките и активностите за развој и унапредување на МСП;
- координација на активностите и комуникација меѓу институциите задолжени за спроведување на политиките, мерките и активностите;
- ефектите на расположливите ресурси (кадровски, финансиски) со цел развој и унапредување на МСП;
- ефектите од мониторинг на реализирани активности и евалуација на спроведените мерки.

При вршењето на ревизијата како податоци беа користени информациите од базата на податоци на Централниот регистар на РМ, од причина што класификацијата на микро, мали, средни и големи претпријатија се врши согласно критериумите од Законот за трговски друштва.

Од заклучоците кои произлегоа од прелиминарното истражување, оценивме за потребно да ја спроведеме ревизијата на успешност.

Од страна на раководното лице на Македонска банка за поддршка на развојот добиени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, истите се разгледани и констатирано е дека дел се прифаќаат заради допрецизирање на одделни состојби, а дел не се прифаќаат.

# III. РЕВИЗОРСКИ НАОДИ

## 1. Правна рамка и стратешки документи

### Дефинирање на микро, мали и средни претпријатија во националната законска регулатива

1.1. За малите и средни претпријатија особено е значајна јавната поддршка која најчесто се изразува во вид на организирана мрежа на институции кои нудат различни видови на финансиска и нефинансиска помош и создаваат општо поволна рамка во која ќе функционираат и ќе се развиваат бизнисите.

Од аспект на јавната поддршка особено е важно елиминирање на разликите и утврдување на единствен пристап при дефинирање на МСП во националната легислатива. Ова е пресудно за да се утврди кои претпријатија ја сочинуваат целната група и како такви можат да бидат корисници на програмите или конкретните мерки за поддршка на МСП.

За таа цел во рамки на ЕУ донесена е Препорака 2003/361 која дава јасна и единствена дефиниција за МСП која се темели на три параметри и тоа:

- бројот на вработените,
- годишниот приход и
- просечната вредност на вкупните средства по годишните сметки во последните две години.

Ревизијата утврди дека со Законот за трговски друштва[1], Република Македонија ја има прифатено методологијата на Европската комисија за класификација на претпријатијата и на тој начин извршена е хармонизација на националната со европската дефиниција за МСП.

Согласно Законот за трговски друштва, трговците се класифицираат во следните категории:

- микро претпријатија,
- мали претпријатија,
- средни претпријатија и
- големи претпријатија

доколку во последните две години исполниле најмалку два од критериумите наведени подолу во Табела број 3.

**Табела 3: Компаративна анализа на дефинициите за МСП**

| Категорија | ЕУ-Дефиниција за претпријатија | РМ - Закон за трговски друштва |
|---|---|---|
| Микро | До 10 вработени | Просечен број вработени според часови на работа - до 10 вработени |
| | Годишен обрт ≤ 2 милиони ЕУР | Остварен бруто приход од било кој извор < 50.000 Евра во денарска противвредност |
| | Вредноста на активата ≤ 2 милиони ЕУР | |
| Мали | До 50 вработени | Просечен број вработени според часови на работа - до 50 вработени |
| | Годишен обрт ≤ 10 милиони ЕУР | Годишен приход < 2.000.000 евра во денарска противвредност или |
| | Вредноста на билансот на состојба ≤ 10 милиони ЕУР | Просечна вредност на вкупните средства во активата[11] < 2.000.000 Евра во денарска противвредност |
| Средни | До 250 вработени | Просечен број вработени според часови на работа - до 250 вработени |
| | Годишен обрт ≤ 50 милиони ЕУР | Годишен приход < 10.000.000 Евра во денарска противвредност или |
| | Вредноста на билансот на состојба ≤ 43милиони ЕУР | Просечна вредност на вкупни средства во активата[11] < 11.000.000 |
| Големи | Сите други кои не спаѓаат во горенаведената класификација. | Сите други кои не спаѓаат во горе наведените критериуми |

Во однос на дефинирање на МСП во националната легислатива, ревизијата утврди постоење на одредени разлики во дефиницијата за МСП во одделни закони.

Имено, критериумите за категоризација на трговските друштва на микро, мали и средни претпријатија во Законот за основање на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на РМ не соодветствуваат со критериумите утврдени во Законот за трговски друштва.

Во Законот за основање на АППРМ се користи поимот мало стопанство, кој согласно член 3 од истиот опфаќа:

1. трговски друштва кои:
   - имаат помалку од 50 вработени;

[11] Просечна вредност на вкупни средства во активата – вредност на средствата на почетокот и на крајот на пресметковната година

- остваруваат вкупен годишен обрт кој не надминува 1,5 милиони евра во денарска противвредност или вкупен биланс на состојба кој не надминува износ од 1,1 милиони евра во денарска противвредност;
- се независни во работењето и
- се најмалку 51 % во приватна сопственост;

2. трговци поединци;
3. лица кои вршат занаетчиска дејност и
4. други вршители на дејности.

Законот за основање на АППРМ како критериуми ги прифаќа поимите „вкупен годишен обрт“ и „вкупен биланс на состојба“, додека во Законот за трговски друштва критериуми се „бруто/годишен приход“ и „просечна вредност на вкупни средства во активата “.

Наведеното упатува на тоа дека малото стопанство го сочинуваат микро и само дел од малите претпријатија кои ги исполнуваат наведените критериуми, односно не ги опфаќа средните претпријатија.
Поаѓајќи од тоа што опфаќа поимот мало стопанство, а имајќи предвид дека АППРМ се основа за реализација на Програмата на мерки и активности за поддршка на претприемништвото, создавање конкурентност на малото стопанство во РМ и реализација на други програми донесени од Владата на РМ кои се однесуваат на претприемништвото и малото стопанство, делокругот на работа на АППРМ се ограничува само на микро и мал дел од малите претпријатија. Согласно Законот за основање на АППРМ, активностите кои ги предлага и реализира Агенцијата преку едногодишните програми се во насока на развој на МСП.

Ако се има предвид дека од класификацијата на претпријатијата како микро, мали или средни зависи можноста истите да користат државна поддршка, особено е значајно да се има единствен пристап при дефинирање на МСП и хармонизирање на националната легислатива на тоа поле.

**Закони кои го регулираат работењето на МСП**

1.2. Успехот на малите и средни претпријатија е условен од повеќе внатрешни и надворешни фактори кои влијаат на бизнис климата. Внатрешните фактори потекнуваат од самото претпријатие и истото може да ги контролира, но надворешните фактори кои најчесто претставуваат поголема закана за опстанокот на фирмите се надвор од нивна контрола. Во надворешни фактори се вбројуваат: социолошките, економските, политичките, правните и други елементи на макро опкружувањето.

Работењето на МСП во РМ е регулирано со обемна законска регулатива во разни сфери: формирање претпријатија, регулирање на дејноста, даночна сфера, вработување, социјално осигурување, национални стратегии, среднорочни и краткорочни програми итн. Честите измени и дополнувања на законската регулатива со кои се регулира нивното работење, непостоење на пречистени закони, предизвикуваат дополнителни тешкотии во работењето на МСП. Најчесто тие не располагаат со доволен број на стручни човечки ресурси кои ќе можат континуирано да ги следат измените на правната регулатива, особено поради големиот број на законски и подзаконски акти.

Во насока на поддршка на развојот и унапредување на работењето на МСП, нивно зајакнување во националната економија, како и за поддршка на новите бизниси и претпријатијата кои се насочени кон зголемување на конкурентноста и иновациите, потребно е да се преиспита можноста од проширување и зголемување на мерките и активности за нивна поддршка во развојот.

**Стратешки документи и среднорочни програми**

1.3. Согласно институционалната инфраструктура за развој и унапредување на МСП и Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Министерството за економија, Секторот за претприемништво и конкурентноста на МСП е одговорен за изготвување на Стратешки документи за развој на претприемништвото и конкурентноста на МСП и за донесување Акциони среднорочни Програми на мерки и активности за реализација на Стратешките документи за развој на МСП, годишни програми и сл.



За периодот кој е предмет на ревизија (2013-2015) година утврдивме дека Министерството за економија нема изготвено Стратешки документ за развој на претприемништвото и конкурентноста и МСП и Акциони среднорочни програми на мерки и активности за нивна реализација. Последната ревидирана „Национална Стратегија за развој на МСП" која претставува основна насока за остварување на визијата, зададените цели и приоритети во областа на претприемништвото и МСП, се однесува на периодот 2002-2013 година. Во неа се дефинира визијата на Националната стратегија, која требало да биде остварена до крајот на 2013 година, а се однесува на зголемување на:

- Бројот на МСП;
- Вработувањето во МСП и
- Придонес на МСП во создавање на БДП.

Во насока на реализација на утврдената визија, дефинирани се неколку цели кои се однесуваат на:

- Подобрување во креирањето на политики;
- Поедноставување на правното и регулаторното опкружување;
- Подобрување на пристапот до финансии;
- Поедноставување на оданочувањето;
- Промовирање на информатичка и комуникациска технологија;
- Науката, технологијата и иноваторството се во функција на развој на МСП;
- Промовирање на претприемништвото во образованието и обуката;
- Охрабрување на интернационализацијата на МСП;
- Подобрување на услугите за деловен развој и
- Јакнење на дијалогот меѓу јавниот и приватниот сектор.

За секоја утврдена цел дефинирани се конкретни активности кои треба да се реализираат за остварување на Стратегијата.

Со ревизијата утврдивме дека дел од утврдените цели се остварени, пред се оние кои се однесуваат на поедноставување на одданочувањето, промовирање на информатичка и комуникациска технологија, науката, технологијата и иноваторството се во функција на развој на МСП, промовирање на претприемништвото во образованието и обуката и јакнење на дијалогот меѓу јавниот и приватниот сектор. Делумно се постигнати резултати во олеснување на пристапот до финансии, охрабрување на интернационализацијата на МСП и подобрување на услугите за деловен развој.

Останува да се вложат дополнителни напори за подобрување на процесот на креирање политики и поедноставување на правното и регулаторното опкружување. Тоа би ги намалило тешкотиите во примената на законската

регулатива за МСП и истовремено би обезбедило поддршка на претприемништвото, иноваторството и развојот.

Реализацијата на целите утврдени со Националната стратегија за развој на мали и средни претпријатија (2002-2013) би овозможила интегриран и континуиран процес на планирање и реализација на мерките и активностите за развој на МСП и би ја спречило појавата на состојбите утврдени во точките 1.2., 1.4., 2.1.1, 2.1.2., 2.1.3. и 4.1. од овој Конечен извештај.

На шеесет и петтата седница на Владата на РМ одржана на 31.03.2015 година, донесен е заклучок, со кој Министерството за економија се задолжува да формира работна група за подготовка на стратегија за развој на МСП и најдоцна до 15 декември 2015 година до Влада да достави Предлог – Стратегија за развој на МСП. Оваа стратегија треба да го има предвид Извештајот за Актот за мали и средни претпријатија[12] и во неа треба да биде опфатено и воспоставувањето на интегриран систем на менаџмент на перформанси. Заклучно со 15 декември 2015 година, Министерството за економија преземало активности за постапување по овој заклучок. Формирана е работна група, но сеуште не е изготвен предлог текст за Стратегијата за развој на МСП, од причина што не е обезбедена техничка помош (експерт) за нејзина подготовка.

Утврдената состојба во делот на донесување на стратешки документи за развој и поддршка на МСП и претприемништвото упатува на тоа дека не е обезбеден континуитет во донесување на стратешки документ со што ќе се утврдат ограничувањата и проблемите во областа на развојот на МСП и претприемништвото, ниту пак постои документ со кој ќе се дадат насоки и предложат мерки за нивно краткорочно решавање, односно за периодот 2014 и 2015 година.

1.4. Со Стратегијата за развој на МСП 2002 -2013 се дефинирани општите цели и насоки за развој на секторот на МСП и претприемништвото во РМ, додека со акционите среднорочни програми на мерки и активности за реализација на Стратешките документи за развој на МСП се утврдуваат мерките и инструментите за спроведување на стратегиските определби и развојните приоритети во оваа област, кои се неопходни за економскиот развој на земјата и побрз влез во ЕУ.

[12] Упатство за креирање и реализирање политики во ЕУ и посебно во земјите членки кое ќе обезбеди истоветни услови за работа на МСП и ќе го подобри законското и административното окружување во ЕУ

Согласно Законот за основање на АППРМ, акционата програма, ја донесува Владата на РМ на предлог на Министерството за економија, а ја релизира АППРМ. Покрај мерките и активностите кои треба да се реализираат, програмата треба да содржи информации за потребните средства и нивните извори, рокови за реализација на програмските активности како и институциите кои учествуваат во нејзина реализација.

Со ревизијата утврдивме дека последната четиригодишна Програма за развој на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на МСП (2007-2010)[13], не ги содржи спомenатите елементи, односно нема предвидени средства и извори на средства за реализација на активностите, ниту пак има утврдено преку кои институции истите ќе бидат реализирани и во кој рок. По реализацијата на оваа програма не е изготвена нова среднорочна програма.

За остварување на целите утврдени во националната стратегија за равој на МСП, активностите се реализирани и се реализираат преку годишните програми на Министерството за економија и на АППРМ.

## 2. Институционална поставеност, соработка и координација на институциите надлежни за планирање, донесување и реализација на политики, мерки и активности за развој и поддршка на МСП и претприемништвото

### Преклопување во надлежностите на субјектите кои се задолжени за донесување и реализација на политики, мерки и активности во областа на развојот и поддршка на МСП и претприемништвото

2.1. Сите мерки и активности кои се реализирани и се реализираат во областа на развојот и поддршката на МСП се во функција на јакнење на јавната поддршка кон нив, изразена во вид на организирана мрежа на институции (државни, јавни, регионални, локални, приватни) кои нудат различни видови на финансиска и нефинансиска помош и создаваат општо поволна рамка која овозможува непречено да функционираат и да се развиваат бизнисите.

Институционалната поставеност и соработката помеѓу институциите задолжени за креирање, донесување и реализација на мерки и активности за развој и поддршка на МСП како на национално така и на локално ниво е утврдена со Програмата за развој на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на МСП (2007-2010)[13]. Утврдивме дека дел од институциите се формирани по периодот на реализација на програмата (НСПК), а дел не се формирани воопшто.

[13] Службен весник на РМ број 48/07

Во графиконот 4 погоре во овој извештај, прикажани се институциите кои согласно важечките закони, стратегии, програми и други акти имаат своја улога и значење во креирањето и спроведувањето на утврдените политики, мерки и активности.

Со увид во актите за основање и работа на институциите задолжени за изготвување, донесување и реализација на мерките и активностите за развој на МСП, утврдивме дека постои преклопување во дефинираните и реализираните активности на институциите. Ова пред сè, се однесува на активностите на:

- Секторот за претприемништво и конкурентноста на МСП во Министерството за економија и на АППРМ,
- Регионалните центри за поддршка на претприемништвото, Агенциите за поддршка на претприемништвото со Бизнис центрите во Планските региони.

2.1.1. Согласно важечките закони, стратегии, програми и други акти, а кои се однесуваат на работењето и развојот на МСП, поддршката на приватниот сектор е во директна надлежност на Министерството за економија на Република Македонија и АППРМ. Законските[14] и подзаконските акти со кои се уредува нивното основање и работење упатуваат дека:

- Секторот за претприемништво и конкурентноста на МСП во Министерството за економија ја има клучната улога во креирање на националната политика за развој на претприемништвото и МСП;
- АППРМ е одговорна за реализација на програмите на Владата за поддршка на претприемништвото и развој на МСП.

Со увид во програмските активности на Владата на РМ, на Секторот за претприемништво и конкурентноста на МСП во Министерството за економија и на АППРМ, ревизијата утврди дека активностите кои ги спроведува Секторот за претприемништво и конкурентноста на МСП во Министерството за економија се дел од утврдените програмски активности на Владата на РМ за периодот 2011-2015 година и истите се насочени кон реализација на годишните програми кои се однесуваат на поддршка на млади претприемачи преку кофинансирање на набавки и опрема, изработка на визуелен идентитет и промотивни материјали, поттикнување на женско претприемништво, промоции на успешни претприемачи и слично. За реализација на наведените мерки согласно претходно споменатото е надлежна АППРМ. (Прилог 1 и Прилог 2)

[14] Закон за организација и работа на државната управа (Сл. весник на РМ бр.58/00,44/02, 82/08, 37/06, 167/10 и 57/11)
Закон за основање на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на Република Македонија (Сл. весник на РМ бр.60/03, 161/09, 171/10 и 41/14);

2.1.2. Во периодот од 1996 -1999 година преку програмите на PHARE и Британскиот Know How Fund, на локално ниво формирани се пет Регионални центри за поддршка на претприемништвото-РЦПП[15] и три Агенции за поддршка на претприемништвото – (Enterprise Support Agency-ЕСА)[16] со цел промоција на концептот на претприемништво, обезбедување широк обем на услуги за секторот на МСП, давање на совети и информации за постоечките и потенцијалните претприемачи во градовите и регионите каде дејствуваат и слично.

Со Програмата за работа на Владата на РМ за периодот 2011-2015 година, предвидено е формирање на осум Бизнис центри за поддршка и советодавни услуги за МСП во рамки на центрите за развој на Планските региони во земјава. Во 2014 година изготвена е Студија за можностите за испорака на услуги кон приватниот сектор од страна на Центрите за развој на планските региони (ЦРПР) каде е истакнат ризикот, услугите на Бизнис центрите да бидат паралелни со активности на други веќе постоечки агенции, со кои наместо да се дополнуваат, би биле конкуренти. Ваквиот ризик дополнително се зголемува во услови кога буџетските финансирања се минимални пред сè за постоечките владини агенции, како што е АППРМ и мрежата од институции преку кои таа ги реализира своите активности.

И покрај укажувањата од постоење ризик од преклопување на активности, со годишните Програми за рамномерен регионален развој во 2014 и 2015 година на Министерството за локална самоуправа[17] предвидени се финансиски средства за формирање на овие Бизнис центри. Дел од центрите се активни од 2014 година, а дел започнуваат со работа во 2015 година.

Бизнис центрите врз основа на Програми за поддршка на приватниот сектор, треба да понудат:

- Е - водичи за инвеститори;
- мапи на индустриски зони во планските региони;
- интерактивни ВЕБ портали на кои што ќе можат да се најдат сите важни информации за потенцијалите на планските региони;
- можностите за инвестирање, условите што ги нудат индустриските зони, информации за субјектите кои можат да бидат логистика на инвеститорите како и потенцијални партнери како што се стопанските комори, универзитетите и граѓанскиот сектор.

Од споредбата на надлежностите на Регионалните центри за поддршка на претприемништвото-РЦПП и ЕСА центрите со надлежностите на Бизнис

[15] РЦПП - лоцирани во Скопје, Струмица, Велес, Куманово и Битола
[16] ЕСА - формирани во Охрид, Тетово -Гостивар и Прилеп
[17] Службен весник на РМ 8/14, 22/14 и 196/14

центрите во рамките на Центрите за развој на планските региони се доаѓа до заклучок дека на локално ниво постојат паралелни институции со исти надлежности. Едните делумно се финансираат со средства од АППРМ, а другите со средства од Министерството за локална самоуправа. Во услови на ограничени буџетски средства за финансирање на активностите на овие институции, дел од активностите ги покриваат со средства од донатори или проекти. Финансиските средства се една од причините за ограничувањата со кои овие институции се среќаваат во своето работење, пред се како недостаток на:

- оддржлив систем за долгорочно финансирање на покомплексни активности,
- тековен капацитет и вештини на вработените (изразен преку број на вработени и нивно стручно усовршување) за испорака на пообемни услуги за приватниот сектор.

Утврдената состојба упатува на тоа дека политиката за развој на МСП не е целосно интегрирана во целокупниот процес на планирање на централно и локално ниво. Не е обезбедена синергија на институциите и активностите поради што се планираат и основаат различни институции, тела, фондации кои во суштина имаат исти цели, поради што постои преклопување и недоволно разграничување на нивните задачи и активности.

Имајќи ја предвид поединечната важност на сите претходно споменати субјекти, центри и агенции во спроведувањето на мерките и политиките за развој и унапредување на МСП на централно и на локално ниво, ревизијата смета дека е потребно да се изврши сеопфатна анализа на нивното натамошно функционирање, здружување (спојување), јасно законско дефинирање на сферите на делување, целите, задачите и активностите, како и обезбедување на одржливо финасирање од повеќе буџетски извори за нивно непречено работење.

**Соработка и координација на институциите надлежни за преземање на активности при планирање, донесување и реализација на политики, мерки и активности за развој и поддршка на МСП и претприемништвото**

2.1.3. Успешната реализација на секој стратешки документ, долгорочна или краткорочна програма зависи од реалноста и објективноста на поставените цели, јасната распределба на одговорностите за конкретните нивоа на политиките, мерките и активностите, стратешкото управување и следењето и оценката на постигнатите резултати. Успешноста зависи како од ефектите што треба да се постигнат, така и од меѓусебната комуникација и

координација на субјектите кои се задолжени за спроведување на мерките и активностите.




Институционалните механизми воспоставени при креирањето, донесувањето и реализацијата на мерките и политиките за развој и поддршка на МСП треба да обезбедат кохерентен пристап и ефективна координација во сите фази со сите субјекти.

Со увид во програмските документи (стратегии, програми), начинот на нивна реализација, одговорените прашалници, констатиравме дека недостасува комуникација и координација меѓу институциите на национално со институциите на локално ниво.

- На национално ниво, Секторот за претприемништво и конкурентноста на МСП при Министерство за економија презема низа активности во насока на усвојување нови мерки и нивно преточување во програми и законски решенија одобрени од Владата на РМ и притоа остварува комуникација со АППРМ и НСПК. Директни комуникации со МСП се реализираат преку организирање на разни манифестации, промоции и слично. Своите мерки и активности ги промовира преку веб страницата на Министерството за економија www/economy.gov.mk како и преку порталот konkurentnost.mk;
- АППРМ, како координатор на мрежата на институции за поддршка на МСП, активно учествува во промоција на своите мерки и активности директно пред МСП преку презентации во градови во организација од регионалните центри - РЦПП и ЕСА. АППРМ располага со сопствена база на информации за МСП формирана врз основа на претходни корисници на државна поддршка која се проширува со корисници на нови мерки. За актуелните мерки на АППРМ, МСП може да се информираат преку нивната веб страна www/apprm.gov.mk;
- НСПК како релативно нова институција своите активности ги насочува кон зајакнување на дијалогот помеѓу јавниот, приватниот и граѓанскиот сектор и промовирање на идеи и начела кои ќе овозможат долгорочен и одржлив економски развој. При вршењето на својата мисија НСПК остварува соработка со администрацијата на ЕЛС, претставниците на бизнис заедницата и други здруженија сè со цел прибирање на информации за потребите на МСП, кои подоцна доколку се реални и остварливи се преточуваат во предлози за нови национални мерки и

програми. Информациите НСПК ги нуди на својата веб страна www/necc.mk;

- Регионалните центри и ЕСА поради своето долго постоење и работење располагаат со сопствени бази и информации за МСП во рамки на општините каде имаат реализирано проекти. Активно соработуваат со администрацијата во ЕЛС во насока на поддршка на локални МСП. Дел од центрите, поради ограничените средства, немаат веб страна, а дел од нив кои имаат веб страна се соочуваат со ненавремено ажурирање на податоците;
- Единиците на локална самоуправа се главни носители на локалниот економски развој на општинско ниво и се надлежни за креирање на локални политики за поддршка на МСП. Во таа насока локалната власт има три клучни улоги:
    - обезбедување на услуги на МСП (обезбедување на инфраструктура, канализациони системи и сл);
    - врши надзор над спроведувањето и наплатата на комуналните такси и други јавни давачки за комуналии за градба, комунален ред итн. и
    - катализатор на активностите и потребите помеѓу националните институции и локалната бизнис заедница.

Споменатите институции на централно и локално ниво учествуваат во креирање, донесување и реализација на мерки и активности за развој и поддршка на МСП, во рамки на своите надлежности и расположливи ресурси. Тие самостојно дејствуваат во реализацијата на своите програми за работа и се насочени главно кон промоција на сопствените активности и воспоставување на директни контакти со МСП.

Централната власт е главен креатор на политиките кои влијаат врз создавање на поволна бизнис клима во државата и влијае врз ефективното извршување на надлежностите на ЕЛС. Поради тоа, главен предуслов за ефективно извршување на надлежности на ЕЛС за развој на МСП е координација на локалната со централната власт.

Улогата на централната власт врз развојот на МСП се изразува преку: донесување на фискална и даночна политика, обезбедување на макроекономска стабилност и креирање на законска регулатива. Поради тоа особено е значајно при дефинирањето и спроведувањето на националните политики да се земат во предвид предностите и слабостите на локалната економија, нивните потреби како би се обезбедила кохерентеност и координираност во пристапот на институционалните механизми, се со цел успешно и ефективно спроведување на активностите за поддршка и развој на МСП.

При креирање на политиките за развој на МСП потребно е поголема координација како помеѓу министерствата и другите државни органи така и помеѓу институциите од централната и локалната власт. Заменик Претседателот на Владата на РМ одговорен за економски прашања и неговиот кабинет вршат координација на реализацијата на приоритетите во економскиот развој. Координација во извршување на активностите се спроведува по вертикала меѓу институциите во состав на надлежните министерства или агенции, но не и хоризонтално меѓу инстутуции на централно ниво со сродните на локално ниво.

Недоволното ниво на комуникација и координација меѓу институциите на национално и локално ниво при креирањето на мерките за развој на МСП создава ризик од намалување на ефектите при нивната реализација.

## 3. Финансиски и човечки ресурси при планирање, донесување на мерки и реализирање на активности во областа на развој и поддршка на МСП и претприемништвото



Финансиските средства за развој и поддршка на МСП во РМ се обезбедуваат од:
-Буџетот на Република Македонија,
-буџетите на единиците на локалната самоуправа,
-заеми и
-други извори во согласност со закон.

Со ревизијата ги опфативме средствата што преку буџетите на институциите наведени во точка II.2.1., се обезбедуваат и се нудат како финансиска и нефинасиска поддршка на МСП преку соодветни мерки.

**Финансиски средства обезбедни од Буџетот на РМ**

3.1. Со годишните програми на Министерството за економија, за развој на претприемништво, конкурентноста и иновативноста на МСП за 2013, 2014 и 2015 година[18], предвидени се активности кои се реализираат скоро секоја година, а се во насока на поддршка на автентични занаети, надоместување на дел од

[18] Програмите се објавени во Службен весник на РМ број 4/13, 77/13, 103/13, 143/13, 7/14, 158/14 и 194/14

трошоците на деловните субјекти за сертификација на системи за квалитет според ISO, HACCP и HALAL стандарди, поддршка на женско претприемништво, промотивни настани „Награди за најдобрите и најуспешните“, „Биди перспективен започни свој бизнис“ и други мерки. Планираните и реализираните средства наменети за програмските активности за развој и поддршка на МСП со кои располага секторот обезбедени од Буџетот на РМ прикажани се подолу во Табела 4.

**Табела 4: Сектор за претприемништво и конкурентноста на МСП при МЕ**

**во 000 денари**

| Година | Средства предвидени со основна програма | Средства по измени во програмата | Реализирани средства | Реализација на програмите |
|---|---|---|---|---|
| 2013 | 7.896 | 6.596 | 3.329 | 50,47% |
| 2014 | 12.390 | 8.890 | 7.054 | 79,35% |
| 2015 | 8.940 | 8.940 | 6.192 | 69,26% |
| **Вкупно:** | **29.226** | **24.426** | **16.575** | **67,86%** |

Во Прилог 1 прикажани се планираните и реализираните средства за секоја мерка поединечно за програмата поддршка на претприемништвото, конкурентноста и иновативноаста на МСП реализирани од страна на Секторот за претприемништво и конкурентност на МСП при МЕ.

3.2. АППРМ реализира мал број програми, како што е ваучер системот за консалтинг услуги за фирмите, преку кои се овозможува развој на постоечки фирми преку покривање до 50 % од вредноста на консалтинг ангажманот, активно е вклучена во програмата само-вработување заедно со Агенцијата за вработување и УНДП, обуки за претприемништво за наставници и професори и информации за МСП преку активности наречени инфо-пулт. АППРМ своите активности ги спроведува преку мрежата на Регионалните центри за поддршка на претприемништвото и ЕСА центрите.

Планираните и реализираните средства наменети за програмските активности на АППРМ обезбедени од Буџетот на РМ прикажани се во Табела 5.

**Табела 5: Агенција за поддршка на претприемништво на РМ**

**во 000 денари**

| Година | Планирани средства со буџетско барање | Одобрени со Буџет на АППРМ | Реализирани средства | Реализација на програмите |
|---|---|---|---|---|
| 2013 | 37.502 | 4.300 | 4.214 | 98,00% |
| 2014 | 41.252 | 3.900 | 3.859 | 98,95% |
| 2015 | 45.377 | 3.900 | 3.900 | 100,00% |
| **Вкупно:** | **124.131** | **12.100** | **11.973** | **99,00%** |

Во Прилог 2 се прикажани планираните и реализираните средства за секоја мерка поединечно, реализирани од страна на АППРМ.

Наведените состојби укажуваат дека средствата што со Буџетот на РМ се планираат и издвојуваат преку двете носечки институции, Министерството за економија и АППРМ задолжени за развој и унапредување на МСП, се наменети за реализација на мерки кои се идентични и се нудат континуирано неколку години наназад. Дел од нив се укинати поради неможноста субјектите да ги исполнат барањата при аплицирањето или поради малите износи кои се нудат за одредени мерки.

**Финансиски средства обезбедни од Буџетите на ЕЛС и други извори**

3.3. Финансирањето на потребите за развој и унапредување на МСП на локално ниво се реализира преку единиците на локална самоуправа, кои во рамки на секторите/одделенијата за ЛЕР – локален економски развој преку свои програми планираат средства за конкретни мерки и активности. Со цел да обезбедиме информации за висината на средствата наменети за развој и унапредување на МСП што општините ги издвојуваат од своите буџети, доставивме прашалници до 16 општини од кои повратно одговорија 14. Од добиените одговори, во 12 општини преку стратегии и годишни програми се врши планирање на активностите и средствата за овие намени (две општини немаат усвоено стратегии/годишни планови за ЛЕР). Во најголем дел мерките за поддршка на МСП се однесуваат на подобрување на инфраструктурата (изградба и реконструкција на локални патишта, мрежи и слично), промоција на локалните бизниси на саеми, обезбедување на прекугранична соработка, обуки и едукација за потребите на МСП како и за можности за регионално поврзување на локалните бизниси.

3.4. Финансирањето на Бизнис центрите за поддршка и советодавни услуги за МСП во рамки на центрите за развој на планските региони во земјава е согласно

договор меѓу Министерството за локална самоуправа и UNDP со кој се обезбедени средства за период од шест месеци од нивното формирање и тоа:

- за трошоци за формирање на центрите – средства од програмата за рамномерен регионален развој на МЛС за 2014 и 2015 година - 6.400 илјади денари ( по 3.200 илјади денари годишно) и
- за активностите на центрите - средства од UNDP – 6.176 илјади денари (по 772 илјади денари за секој центар).

Врз основа на резултатите кои се постигнати од страна на првоформираните бизнис центри (Скопски, Источен, Југозападен и Полошки плански регион) на Осумдесет и седмата седница на Владата на РМ одржана на ден 14.07.2015 година, донесен е заклучок со кој МЛС се задолжува во рамки на својот буџет за 2016 година со програмата за рамномерен регионален развој да планира финансиска поддршка за натамошно работење на регионалните бизнис центри.

Сепак останува да се реши организацискиот облик на бизнис центрите како организациони единици во рамки на Центрите за развој на планските региони, како и финансирањето во идните периоди.

**Финансиски средства обезбедни од заеми**

3.5. Владата на РМ во своите програми во делот на создавање услови за бизнис клима, покрај институционалните мерки за државна помош за развој и унапредување на МСП има преземено активности во однос на олеснување на пристапот до поевтини финансиски средства односно до поповолни кредити.

Со законите за гаранција на РМ на обврските по договори за заеми наменети за финансирање на мали и средни претпријатија и други приоритетни проекти, во периодот од 2009 до 2015 година РМ има преземено гаранции за навремено намирување на обврските по заеми во износ од 350.000.000 евра кон Европска инвестициона банка - ЕИБ.

Условите, начинот на користење на заемите се регулирани со финансиски договори меѓу ЕИБ и Македонска банка за поддршка на развојот- МБПР кои се склучуваат за секој одобрен заем - табела 6.

**Табела 6: Услови за начинот на користење и враќање на кредитите од ЕИБ**

| Кредитна линија | Износ на одобрени средства во евра | Рок на враќање кон ЕИБ | Камата кон деловни банки | Рок на враќање од корисници | Камата кон крајни корисници |
|---|---|---|---|---|---|
| ЕИБ 1 | 100.000.000 | 4 – 12 г за МСП<br>4 - 15 за ПП | 1% | 4-5 за МСП<br>2-3 за ТОС | 5,5% |
| ЕИБ 2 | 50.000.000 | мин – 4 г<br>мак -8 г од повлекување на секоја транша | 1% | 2-8 за МСП<br>2-3 за ТОС<br>2-8 за ПП | 5,5% |
| ЕИБ 3 | 100.000.000 | мин – 4 г<br>мак -8 г од повлекување на секоја транша | 1% | 2-8 за МСП<br>2-3 за ТОС<br>2-8 за ПП | 5,5% |
| ЕИБ 4 | 100.000.000 | мин – 4 г<br>мак -8 г од повлекување на секоја транша | 1% | 2-8 за МСП и Мид Кап<br>2-3 за ТОС<br>4-8 за ПП | До 5,5% |
| | **350.000.000** | | | | |

Средствата обезбедени со кредитните линии од ЕИБ се наменети за финансирање на:

- МСП – мали и средни петријатија;
- ПП- приоритетни проекти – инвестиции од било која големина во области на енергија, заштита на околината, здравството и образованието, индустрија, туризмот и други услужни сектори;
- ТОС- трајни и обртни средства и
- МИД- КАП – проекти за претпријатија кои имаат минимум 250 и максимум 3000 вработени вкупно во време на кредитна апликација

За секој одобрен заем, Владата на РМ има донесено одлуки за плаќање на трошоците по основ на камати што МБПР ги има кон ЕИБ, односно одлука за субвенционирање на каматите. Согласно амортизационите планови, по основ на камати кои МБПР ги должи кон ЕИБ, од Буџетот на РМ до 31.12.2015 година исплатени се 13.262.321 евра, односно 64,25 % од износот на вкупните камати за овие кредити.

**Табела 7: Износ на камати субвенционирани од Буџетот на РМ**

**во евра**

| **Кредитна линија** | **Износ на повлечени средства** | **Камата кон ЕИБ** | **Отплата до година** | **Вкупна камата за линијата** | **Платени камати заклучно до 29.12.2015** | **Износ на субвенционирана камата од Буџет на РМ** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ЕИБ 1 | 100.000.000 | 0,314 мин<br>2,204 мак | 2021 | 4.969.081 | 4.750.359 | 4.750.359 |
| ЕИБ 2 | 50.000.000 | 2,686 мин<br>2,988 мак | 2019 | 5.685.097 | 4.503.825 | 4.503.825 |
| ЕИБ 3 | 100.000.000 | 1,439 мин<br>1,806 мак | 2020 | 6.969.256 | 3.655.450 | 3.655.450 |
| ЕИБ 4 | 100.000.000 | 0,369 мин<br>0,874 мак | 2023 | 3.016.709 | 352.687 | 352.687 |
| **ВКУПНО:** | **350.000.000** | | | **20.640.143** | **13.262.321** | **13.262.321** |

МБПР преку деловните банки во РМ врши пласирање на средствата до крајните корисници и тоа:

Од кредитна линија ЕИБ 1 до:

- Микро претпријатие-доколку исполнува еден од следните два критериуми:
  - да има годишен обрт до 50.000 ЕУР или
  - да има до 5 постојано вработени.
- Мало претпријатие - доколку исполнува еден од следните два критериуми:
  - да има годишен обрт до 200.000 ЕУР или
  - да има од 6 до 50 постојано вработени.
- Средно претпријатие – доколку исполнува еден од следните два критериуми:
  - да има годишен обрт над 200.000 ЕУР или
  - да има од 51 до 250 постојано вработени.

Од кредитни линии ЕИБ 2, 3 и 4 до:

- претпријатија чиј број на вработени не надминува 250 лица.

Врз основа на рамковните договори меѓу МБПР и деловните банки, за секоја кредитна линија, прецизирани се условите за повлекување средства од кредитните линии, висината, каматната стапка, рокот на враќање, како и грејс периодот. Исто така со договорите прецизирани се условите, критериумите, роковите и каматните стапки под кои деловните банки ги пласираат средствата до крајните корисници, како и начинот на известување и користење на истите. Каматните стапки кон деловните банки се во износ од 1%, а кон крајните корисници се утврдени максимални стапки во износ од 5,5%, додека за кредитната линија ЕИБ 4 каматата е до 5,5% Истакнуваме дека оваа каматна

стапка до 5,5%, преку анекси кон склучените договори меѓу крајните корисници и деловните банки се применува и за неплатениот дел од кредитите земани од кредитните линии од ЕИБ 1, 2 и 3.

Одлуката за висината на каматната стапка кон крајните корисници од/до 5,5% на годишно ниво со одлука ја има утврдено Владата на РМ која е инкорпорирана во среднорочната програма за работа на Владата на РМ.

Согласно податоците добиени од МБПР, во графикон 5 прикажано е учеството на деловните банки во пласирањето на средствата од ЕИБ кредитните линии.

**во 000 евра**




**Графикон 5: Учество на банките во пласирање на средствата од ЕИБ кредитите**

Висината на пласираните средства според намената се прикажани во графикон 6:

**во евра**




**Графикон 6: Пласирани средства според нивната намена**

Поради големиот интерес кај МСП за користење на средствата од ЕИБ 1 и брзото алоцирање на средствата, МБПР согласно своите политики преку деловните банки има пласирано сопствени средства во износ од 10.251 илјади евра за истите намени и според истите услови.

Согласно податоците добиени од МБПР, во табела 8 прикажан е бројот на склучени договори за секоја кредитна линија поединечно.

**Табела 8: Број на склучени договори со мали и средни претпријатија**

| Кредитна линија | Со средства од ЕИБ | Со револвинг средства | Вкупно |
|---|---|---|---|
| ЕИБ 1 | 493 | 211 | **704** |
| ЕИБ 2 | 199 | 102 | **301** |
| ЕИБ 3 | 445 | 177 | **622** |
| ЕИБ 4 | 507 | 58 | **562** |
| **Вкупен број на договори** | **1.644** | **548** | **2.192** |

Од анализата на доставените информации за корисниците на поволните кредитни линии утврдивме дека најголем дел од нив се средни и мали претпријатија кои подолго време постојат и работат, располагаат со соодветни капитални средства и можат да обезбедат хипотеки или соодветни гаранции.

Ако се земат во предвид само бројот на мали и средни претпријатија во 2014 година – 17.828 (табела 13 подолу) и вкупно склучените договори од ЕИБ 1, ЕИБ 2 и ЕИБ 3, - 1.627 (истите целосно се пласирани до 2014 година), произлегува дека само 9% од МСП користиле поволни кредитни линии, како и фактот дека исти претпријатија повеќе пати имаат добиено кредити за што имаат склучено и повеќе договори.

Информациите добиени од петте деловните банки во однос на поднесени и одобрени барања за користење на поволните кредити до 30.09.2015 година, говорат дека во најголем број барањата се одобрени.
Ова се должи на воспоставените процедури при одобрување на кредитите, со кои се земат во предвид само оние барања кои ги исполнуваат потребните услови и критериуми. Во табела 9 прикажани се бројот на примени и одобрени барања во пет деловни банки.

**Табела 9: Број на поднесени и одобрени барања**

| Година | ЕИБ I | | ЕИБ II | | ЕИБ III | | ЕИБ IV | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Примени | Одобрени | Примени | Одобрени | Примени | Одобрени | Примени | Одобрени |
| 2009 | 63 | 48 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2010 | 196 | 185 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2011 | 71 | 76 | 48 | 36 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2012 | 35 | 34 | 62 | 72 | 92 | 82 | 0 | 0 |
| 2013 | 40 | 42 | 9 | 9 | 130 | 130 | 0 | 0 |
| 2014 | 55 | 55 | 4 | 4 | 76 | 78 | 83 | 80 |
| 2015 | 28 | 28 | 1 | 1 | 3 | 3 | 60 | 59 |
| **Вкупно:** | **488** | **468** | **124** | **122** | **301** | **293** | **143** | **139** |

Малиот број на барања за одобрување на кредитите се должи пред се на условите што МСП треба да ги исполнат за одобрување на кредити - хипотека на недвижен имот, залог на подвижни предмети, меници и друго, како и предностите кои се нудат на субјектите при нивно одобрување доколку:

- во тековната во однос на претходната година имаат зголемен обем на работење во висина од најмалку 5% или зголемен извоз од најмалку 5%;
- имаат спроведено вложување во модернизација, заштеда на енергија, заштита на околина;
- го зголемиле бројот на вработени;
- имаат добра пазарна конкурентност (приходи од работење поголеми од расходи од работење, тековна ликвидност поголема од 0,8 и најмалку 30% приходи од извозот).

Дополнително, малиот праг на годишен обрт на средства предвиден за средните претпријатија, предвидени со договорите меѓу ЕИБ и МБПР и деловните банки, ги намалува можностите на малите претпријатија да бидат побројни корисници на овие кредити.

Од интервјуата со дел од корисниците на овие кредити беше истакнато значењето на одобрените кредити за заздравување на стопанството во РМ по економската криза од 2008 година во однос на обезбедување пред сè на потребните обртни средства, како и за започнување на инвестициски процеси.

Ревизијата ги констатира ефектите што овие кредити ги имаат постигнато во однос на намалување на каматните стапки на кредитите кои ги нудат деловните банки. Имено, каматите кои се движеа во распон од 11% до 14,5%, се намалени на сегашните од 6% до 12%, во зависност од намената, така што во услови на лимитирани ЕИБ кредити, фирмите можат да користат и комерцијални кредити.

Ревизијата смета за потребно да укаже на фактот дека, доколку се продолжи со склучување на нови кредитни линии со ЕИБ, да се разгледа можноста за преиспитување на условите кои треба да ги исполнат претпријатијата при нивно одобрување, се со цел поголем број мали и микро претпријатија да бидат корисници на овие поволни кредитити.

3.6. Со Законот за иновациска дејност создадени се услови и формирани се институции за поддршка на претпријатија насочени кон зголемување на конкурентноста и иновациите во РМ. Фондот за иновации и технолошки развој има за цел финансирање на подготовката, реализација и развој на програми, проекти и други активности во областа на спроведување на иновациската политика преку мерки и извори на средства наведени во точка I. 3.8. погоре во овој Извештај.

Во февруари 2014 година склучен е договор за заем меѓу РМ и Меѓународна банка за обнова и развој - IBRD во износ од 17.000.000 евра кој се однесува на реализација на четири компоненти:

1. Подобрување на транспарентноста во високото образование;
2. Модернизација на средното техничко стручно образование и обука;
3. Подобрување на иновативните капацитети на претпријатијата и соработка со истражувачки организации и
4. Проект менаџмент и мониторинг и евалуација.

За реализација на компонентите 1, 2, дел од 3 и 4 задолжено е Министерството за образование и наука, додека дел од третата компонента која се однесува на доделување на грантови на иновативни компании е во надлежност на ФИТР за што се обезбедени средства во износ од 9.159.750 евра.



Согласно Буџетот на ФИТР за 2015 година, за доделување на кофинансирани грантови за старт-ап, спин-оф трговски друштва и иновации, кофинансирани грантови за трансфер на технологии, кофинансирани грантови и условени заеми за комерцијализација на иновации и техничка помош преку деловно-технолошки акцелератори планирани се средства во износ од 28.905 илјади денари од кои:

- Од основен буџет на ФИТР - 514 илјади денари или 1, 77%
- Од Заеми од ЕБРД - 10.375 илјади денари или 35,89%
- Од Програма за рурален развој - 18.016 илјади денари или 62,32%.

Според извештајот доставен од ФИТР, во текот на 2015 година доделени се грантови само за старт-ап и спин-оф трговски друштва и иновации на 16 фирми во вкупен износ од 251.400 евра или околу 15.511 илјади денари.

Покрај институциите кои директно финансиски ги помагаат МСП, со Законот за иновациска дејност предвидени се деловно технолошки инкубатори и технолошки акцелератори како субјекти кои можат да понудат инфраструктурна поддршка на МСП, старт- ап и спин-оф бизниси:

- Деловно технолошки инкубатор - субјект за давање на инфраструктурна поддршка на иновациска дејност чија основна дејност е ставање на располагање деловен простор, административни, технички и други услуги на новоосnованите трговски друштва, за период не подолг од три години;
- Деловно технолошки акцелератор - субјект за давање на инфраструктурна поддршка на иновациска дејност чија основна дејност е ставање на располагање деловен простор, административни и технички услуги, менторство и обука, консултантски услуги и тренинг, обезбедување на иницијално финансирање и давање на стручна помош за надминување на организациските и стратешките пречки на трговските друштва во основање (старт-ап претпријатијата) вклучувајќи го периодот на развивање на деловната идеја до основањето и почетното дејствување на старт-ап претпријатието. Периодот на нудење на услугите на деловниот акцелератор не треба да биде подолг од шест месеци, односно од почетокот на разработка на деловната идеја до денот на основањето и почетното дејствување на стартап претпријатието.

Постоењето на деловните инкубатори и акцелератори е корисно за микро и малите претпријатија, пред се поради помошта и услугите кои се нудат. До периодот на известувањето од оваа ревизија, во РМ постојат еден деловен инкубатор и еден деловен акцелератор кои немаат добиено средства од Буџетот на РМ или од ФИТР.

Во табела 10 прикажан е износот на средствата што преку институциите претходно наведени преку разни мерки и извори се наменети до МСП:

**Табела 10: Средства од Буџетот на РМ за МСП**

**во 000 денари**

| **Година** | **Сектор за претприемништво и конкурентност МЕ** | **АППРМ** | **Бизнис центри за поддршка на МСП во ЦРПР** | | **ФИТР** | | **Вкупно** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Буџет | Буџет | Буџет | UNDP | буџет | IBRD | |
| 2013 | 3.329 | 4.300 | - | - | - | - | **7.629** |
| 2014 | 7.054 | 3.900 | 3.200 | 3.088 | - | - | **17.242** |
| 2015 | 6.192 | 3.900 | 3.200 | 3.088 | 18.530 | 10.375 | **45.285** |
| **Вкупно:** | **16.575** | **12.100** | **6.400** | **6.176** | **18.530** | **10.375** | **70.156** |

**Финансиски средства обезбедни од други институции**

Покрај средствата што се обезбедуваат преку Министерството за економија и АППРМ, политиките за развој и поддршка на МСП Владата на РМ ги спроведува со алоцирање на средства и преку други институции, со реализација на конкретни мерки.

Со извршената анализа на податоците добиени од Сектор за економски политики, структурни реформи и инвестиции при Генералниот секретаријат на Влада на РМ, констатиравме дека за финансирање на МСП, пласирани се средства за развој на МСП и преку други институции кои се прикажани во тебела 11.

**Табела 11: Пласирани средства преку други институции**

**во 000 денари**

| Субјекти | 2014 | 2015 | Вкупно |
|---|---|---|---|
| Агенција за вработување на РМ | 117.311 | 97.625 | 214.936 |
| Агенција за финансиска поддршка на земјоделството | 1.984.703 | 2.241.160 | 4.225.863 |
| Агенција за странски инвестиции и промоција на извозот на РМ | 492 | 492 | 984 |
| Агенција за поддршка и промоција на туризмот | 23.273 | 20.729 | 44.002 |
| **Вкупно** | **2.125.779** | **2.360.006** | **4.485.785** |

Пласираните средства до МСП, реализирани преку конкретни политики од страна на институциите прикажани во табелата погоре, детално се прикажани во Прилог 3.

Ревизијата констатира дека вкупните средства за поддршка на развојот на МСП обезбедени од Буџетот на РМ во текот на 2015 година изнесуваат 2.720.439 илјади денари, и истите бележат тенденција на зголемување во однос на 2014 година (во 2014 година - 2.143.021 илјади денари) -Табела 12.

**Табела 12: Износ на средствата пласирани за развој на МСП**

**во 000 денари**

| Институција | 2014 | 2015 |
|---|---|---|
| Сектор за претприемништво и конкурентност МЕ | 7.054 | 61.192 |
| Агенција за поддршка на претприемништвото | 3.900 | 3.900 |
| Бизнис центри за поддршка на МСП во Центрите за развој на планските региони | 6.288 | 6.288 |
| Фонд за иновации и технолошки развој | 0 | 289.053 |
| Агенција за вработување на РМ | 117.311 | 97.625 |
| Агенција за финансиска поддршка на земјоделството | 1.984.703 | 2.241.160 |
| Агенција за странски инвестиции и промоција на извозот на РМ | 492 | 492 |
| Агенција за поддршка и промоција на туризмот | 23.273 | 20.729 |
| Вкупно: | **2.143.021** | **2.720.439** |

Зголемувањето на средствата кои се издвојуваат за развој и унапредување на МСП ќе придонесат за позитивни ефекти во развојот на економијата на РМ, можности за зголемување на продуктивноста и флексибилноста во стопанството, намалување на невработеноста, како и подобрување на вкупниот општествен развој.

**Човечки ресурси**

3.7. Со извршената ревизија во областа на кадровските ресурси со кои располагаат институциите задолжени за донесување и реализација на мерки, политики и активности од областа на развој и поддршка на МСП и конкурентноста, ревизијата ги утврди следниве состојби:

- вработените во Секторот за претприемништво и конкурентноста на МСП при Министерство за економија во 2014 година организирани се во три, а во 2015 година во две одделенија: одделение за претприемништво и конкурентност на малите и средни претпријатија и одделение за развој на конкуренција на занаетчиството. Од предвидените 29 работни места во 2014 година пополнети се 9, а со новата организација и систематизација во 2015 година извршено е намалување на работните места и од предвидените 12 пополнети се 10 работни места;
- во АППРМ од систематизираните 63 пополнети се 11 работни места што укажува на тоа дека програмските активности за зголемување на бројот на вработените во АППРМ и реализирање на програма за подигнување на капацитетите на ново вработените не се реализирани;
- активностите на НСПК како промотор на идеи и начела кои ќе овозможат долгорочен и одржлив економски развој на МСП (точка I.3.3.) се реализираат од две лица ангажирани во Извршната канцеларија на НСПК. Потребните средства за работењето на НСПК и реализација на активностите се обезбедни преку договор со USAID како проектни средства со времетраење до септември 2015 година. За периодот на функционирање, НСПК нема добиено буџетска поддршка;
- по едно лице е ангажирано за реализација на активностите на Бизнис центрите за поддршка и советодавни услуги за МСП во рамки на центрите за развој на Планските региони.

Со спроведената ревизија утврдивме дека покрај недоволната кадровска екипираност во субјектите задолжени за донесување и реализација на мерки, политики и активности од областа на развој и поддршка на МСП, во државните институции е занемарено стручното усовршување на вработените. Во изминатиот период од три години, бројот на спроведени обуки за стекнување на вештини од областа на развој и поддршка на МСП и конкурентност се незначителни.

## 4. Мониторинг на реализирани активности, евалуација на ефекти и статистика за МСП

**Мониторинг на реализирани активности, евалуација на ефекти**

4.1. За успешно реализирање на среднорочни и долгорочни програми со кои се опфатени бројни мерки и активности, и во чие реализирање се вклучени повеќе институции, од големо значење е нивната меѓусебна координација како на национално така и локално ниво, мониторинг на реализацијата на мерките и активностите како и нивна евалуација, а со цел оцена на имплементираните мерки и ефекти на програмите.

Имајќи го во предвид фактот што развојот на претприемништвото и МСП во последните години е врз основа на Програма за работа на Владата на РМ 2011-2015 и годишните програми на Министерството за економија и АППРМ, со извршената ревизија во делот на координација, мониторинг и евалуација, ги утврдивме следниве состојби:

- Со Програмата за развој на претприемништвото, конкурентноста и иновативноста на МСП 2007- 2010[11], предвидена е координација меѓу институциите задолжени за развој на претприемништвото и МСП, надгледување/мониторинг на активностите како и евалуација на програмата за што се планирани: тело за меѓуресорска координација, Форум на МСП и опсерваторија на МСП (во рамки на АППРМ) за следење и оценување на мерките поврзани со МСП:
    - Работното тело за меѓуресорска координативна соработка (предвидено и со Националната стратегија за развој на МСП 2002-2013) кое има за цел реализација на Програмата, мониторинг и евалуација на мерките воопшто не е формирано. Активностите за координација на остварувањето на приоритетите во економскиот развој ја врши Заменик Претседателот на Владата на РМ одговорен за економски прашања и неговиот кабинет. Координација во извршување на активностите се спроведува по вертикала меѓу институциите во состав на надлежните министерства или агенции, но не и хоризонтално меѓу инстутуции на централно ниво со сродните на локално ниво;
    - Опсерваторијата на МСП како активност на АППРМ претставува механизам за систематско следење и оцена на состојбите во секторот на МСП кој понатаму ќе помогне во донесувањето на соодветни решенија и мерки во корист на нивниот развој. Истата има за цел преку ex post анализа на ефектите од спроведените политики да подготви извештаи со препораки за креирање на проактивни, ефективни и ефикасни политики во доменот на приватниот сектор. За периодот 2002 -2013 опфатен со Националната стратегија за МСП, МСП

опсерватории се изготвени за годините 2002, 2003, 2004, 2005, 2007, 2009 и последно за состојбите со 2013 година. Извештаите содржат анализа на состојбите во областите каде мерките од Стратегијата имаат влијание (регистрирање на бизниси, оданочување, вработување, финансирање и слично), но не и конкретни заклучоци и препораки.

Од извршените интервјуа со претставници на Секторот за претприемништво и конкурентност при Министерство за економија, АППРМ, како и одговорите на прашалниците доставени од Регионалните центри, одделенија за ЛЕР во општините како носители на мерки и активности, констатиравме дека во досегашниот период не се преземени активности за следење и мониторирање на процесот на спроведување на мерките, ниту пак се направени напори за согледување на ефектите кај крајните корисници по спроведувањето на мерките, односно нивна евалуација.

Наведените состојби упатуваат на тоа дека, во услови кога Владата на РМ презема голем број мерки и активност за унапредување на бизнис климата и подигнување на севкупната конкурентност на националната економија, постои потреба од воспоставување на интегриран систем на менаџмент на перформанси кој треба да опфати:

- јасно дефинирани клучни фактори за успех на поодделни мерки и активности и утврдување клучни индикатори за перформанси;
- воведување индикатори за следење на конкурентноста на МСП преку следење на нивното учество во позначајните макроекономски показатели (БДП, извоз, работна сила, продуктивност и сл.) и дефинирање на систем/начин за мерење на одделните индикатори;
- оценка на перформансите;
- идентификување и предлагање на најзначајни мерки за унапредување на перформансите и
- поврзување и оценка на клучните индикатори на перформанси од секој проект, мерка, активност со владините стратегиски цели и основните макроекономски агрегатни показатели.

Ревизијата обрнува внимание дека недостигот од координација на активностите меѓу институциите на централно и локално ниво, невоспоставен мониторинг и неспроведена евалуација над реализираните мерки, може да доведе до креирање и примена на политики и мерки кои не се во насока на потребите за натамошен развој и унапредување на МСП.

**База на податоци и евиденции на микро мали и средни претпријатија**

4.2. Регистрацијата и класификацијата на правните субјекти ја врши Централниот регистар на Република Македонија во Трговскиот регистар и регистар на други правни лица при нивниот упис, а при обработката на доставените годишни сметки врши нивно ажурирање. Класификацијата на микро, мали, средни и големи претпријатија се врши согласно критериумите од член 470 во Законот за трговски друштва (Табела 3).

Државниот завод за статистика на Република Македонија, исто така располага со податоци за претпријатијата според нивната големина за што води регистар - Статистички деловен регистар – СДР. Правна основа за негово воспоставување, водење и ажурирање е Законот за државна статистика[19], како и Регулативата (ЕЗ) бр.177/08 од Европскиот парламент за воспоставување заедничка рамка за деловни регистри за статистички цели и за укинување на Регулативата (ЕЕЗ) бр.2186/93 (Regulation (EC) No. 177/2008 establishing a common framework for business registers for statistical purposes and repealing Council regulation No. 2186/93).

Податоците за бројот на претпријатијата според нивната големина добиени од регистрите на ЦРРМ и ДЗС прикажани се во Табела 13.

**Табела 13: Број на претпријатија според нивната големина**

| Извор | Година | Микро | Мали | Средни | Големи | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР НА РМ | **2010** | 40722 | 16000 | 501 | 241 | **57464** |
| | **2011** | 39204 | 16424 | 548 | 331 | **56507** |
| | **2012** | 39382 | 16477 | 593 | 373 | **56825** |
| | **2013** | 38404 | 16887 | 596 | 420 | **56307** |
| | **2014** | 37533 | 17219 | 609 | 435 | **55796** |
| ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА | **2010** | 39999 | 34702 | 584 | 212 | **75497** |
| | **2011** | 46322 | 25984 | 607 | 205 | **73118** |
| | **2012** | 53117 | 20341 | 631 | 335 | **74424** |
| | **2013** | 49935 | 20241 | 683 | 431 | **71290** |
| | **2014** | 49539 | 19937 | 724 | 459 | **70659** |

Статистичкиот деловен регистар е збирка на податоци за правни единици (деловни субјекти - правни и физички лица) и статистички единици (претпријатие, локална единица, група на претпријатија), односно досие кое ги содржи статистичките единици кои се активни на територијата на РМ, кои остваруваат приход, или имаат вработени и кои поседуваат релевантни

[19] Службен весник на РМ бр. 54/97, 21/07, 51/11, 104/13 и 42/14

статистички и административни атрибути. Ажурирањето на единиците во Статистичкиот деловен регистар се спроведува врз основа на административни и статистички извори.

Основен административен извор е Централен регистар на РМ, кој е надлежен за водење на Трговскиот регистар и регистарот на други правни лица и Регистарот на годишни сметки, а статистички извори се редовните статистички истражувања, пописи, периодични статистички истражувања и други потреби.

Регистарот може да се смета како систем кој ги претвара податоците од административните извори во податоци соодветни за статистичка употреба.

## IV. ЗАКЛУЧОК

Политиките за развој и поддршка на мали и средни претпријатија што Владата на РМ во изминатиот период ги има преземено преку низа мерки и активности во насока на подобрување на сферата на нивното работење се однесуваат на поедноставување на регистрацијата на стопанските субјекти преку едношалтерски систем, поедноставен даночен систем преку воведување на рамен данок, користење на поволни кредити обезбезбедени од ЕИБ кредитните линии, поголема имплементација на информатичката и комуникациската технологија за поттикнување на Е-бизнисот, создавање услови за поголема улога на технологијата и иноваторството во развојот на МСП како и јакнење на дијалогот меѓу јавниот и приватниот сектор.

Креирањето на политики и мерки за развој и поддршка на МСП и претприемништвото е сфера во која треба да се вложат дополнителни напори за воспоставување на интегриран менаџмент систем со кој ќе се обезбеди силна комуникација меѓу институциите на централно и локално ниво, координација на нивните активности, мониторинг и евалуација на реализираните мерки.

Средствата кои од Буџетот на РМ се издвојуваат за извршување на дејноста на инстутуциите формирани за креирање и спроведување на политики, мерки и активности за развој и унапредување на МСП имаат влијание врз одржливоста, односно функционалноста и работењето на воспоставената институционална мрежа како и врз реализацијата на планираните мерки и активности за развој и унапредување на МСП.

Користењето на поволните кредити од Европската Инвестициона Банка, обезбедени од страна на Македонска банка за поддршка на развојот имаат постигнато позитивни ефекти во однос на надминување на проблемите на МСП и подобрување на нивното работење преку обезбедување трајни и обртни финансиски

средства и започнување на инвестициски процеси. Ефекти се постигнати и во однос на намалување на каматните стапки на кредитите од деловните банки, така што во услови на лимитирани ЕИБ кредити, фирмите можат да користат и комерцијални кредити.

Во насока на поддршка на развојот и унапредување на работењето на МСП, нивно зајакнување во националната економија, како и за поддршка на новите бизниси и претпријатијата кои се насочени кон зголемување на конкурентноста и иновациите, потребно е да се преиспита можноста од проширување и зголемување на мерките и активности за нивна поддршка во развојот.

## V. ПРЕПОРАКИ

**Министерство за економија**

1. Одговорното лице на МЕ во соработка со Владата на РМ, да преземат мерки и активности за усогласување на законската регулатива односно на Законот за основање на Агенцијата за поддршка на претприемништвото на РМ и Законот за трговски друштва, заради обезбедување единствена класификација на МСП со цел еднаков третман од институциите кои ги реализираат мерките на државна поддршка.

2. Одговорното лице на МЕ во соработка со Владата на РМ и НСПК да продолжат со активностите за донесување на стратешки документи за развој и поддршка на МСП и претприемништво, земајќи ги во предвид сознанијата и потребите на МСП како и со активно учество на ЕЛС.

3. Одговорното лице на МЕ во соработка со Владата на РМ и претставници на ЕЛС да ја оценат потребата од сеопфатна анализа на институциите за поддршка на МСП во однос на нивното натамошно функционирање, постоење, здружување (спојување), јасно законско дефинирање на надлежностите, сферите на делување, целите, задачите и активностите, како и обезбедување на одржливо финасирање од повеќе буџетски извори за нивно непречено работење.

4. Одговорното лице на МЕ во соработка со Владата на РМ, при изготвувањето на стратешките документи да ги предвидат телата/институциите кои ќе бидат носители на активностите, како и начините на комуникација на институциите од централно и локално ниво при планирање и реализација на мерките.

5. Одговорното лице на МЕ во соработка со Владата на РМ да преземат мерки и активности за воспоставување на интегриран систем на менаџмент на

перформансите, мониторинг и евалуација со цел јасно дефинирање клучни фактори за успех на одделни мерки и следење на конкурентноста на МСП преку нивното учество во позначајните макроекономски показатели (БДП, извоз, работна сила, продуктивност).

6. Одговорното лице на МЕ во соработка со Владата на РМ да преземат мерки и активности во насока на подигнување на степенот на комуникација помеѓу институциите на централно и локално ниво при креирањето на политики и мерки за унапредување на МСП и при нивната реализација, како и подигнување на степенот на комуникација со МСП.

7. Во насока на поддршка на развојот и унапредување на работењето на МСП, потребно е одговорното лице во соработка со Владата на РМ да ја преиспитаат можноста од проширување и зголемување на мерките и активности за нивна поддршка во развојот.

**Македонска банка за поддршка на развојот**

8. Одговорното лице на МБПР во соработка со Владата на РМ да ги разгледаат можностите за преиспитување на условите кои треба да ги исполнат претпријатијата при одобрување на кредити, се со цел поголем број мали и микро претпријатија да бидат корисници на овие поволни кредитити, доколку се продолжи со склучување на нови кредитни линии со ЕИБ.

МАКЕДОНСКА БАНКА ЗА ПОДДРШКА НА РАЗВОЈОТ

MACEDONIAN BANK FOR DEVELOPMENT PROMOTION

Ул.Димитрие Чуповски 26, 1000 Скопје, Република Македонија
Phone/fax (++389 91) 3115-844/3114-840
SWIFT: MBDPMK22

МАКЕДОНСКА БАНКА ЗА ПОДДРШКА НА РАЗВОЈОТ АД
Бр. 03-537/2
08.03.2016 год.
СКОПЈЕ
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: 09.03.2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 09 | 198/9 | | |

До
Државен завод за ревизија

Главен државен ревизор,
М-р Тања Таневска

Предмет: Забелешки по Нацрт извештај
Врска: Ваш бр.09-198/6 од 05.02.2016 година, наш бр.063-537/1 од 10.02.2016 година

Почитувани,

Во врска со доставениот Нацрт извештај за извршената ревизија на успешност „Ефикасност на системот на креирање и реализација на политики, мерки и активности во насока на развој и поддршка на мали и средни претпријатија во Република Македонија“, Ве известуваме дека Македонска Банка за Поддршка на Развојот ад Скопје (МБПР) за изнесените наоди и дадените препоераки во истиот ги има следните забелешки:

Во однос на точка 3.5 Финансиски средства обезбедени од заеми, конкретно за делот во кој се наведени условите под кои се пласираат средствата од кредитната линија од Европска Инвестициска Банка (ЕИБ) до крајните корисници, Ве исвестуваме дека МБПР има пласирано кредити преку деловните банки до крајни корисници согласно наведените критериуми само кај кредитната линија ЕИБ 1. Во текот на реализацијата на кредитната линија е извршена промена на овие критериуми при што за класификацијата на претпријатијата на мали и средни единствено се применува критериумот дефиниран од ЕИБ, односно бројот на вработени да не надминува 250 вработени.

Исто така, сметаме дека во точка 3.5 Финансиски средства обезбедени од заеми, во делот во кој е неведена каматната стапка под која се пласираат средствата до крајните корисници во Нацрт извештајот треба да се појасни дека променетите каматни стапки се применуваат на сите четири кредитни линии, односно каматна стапка до 5,5% се применува и на веќе одобрените кредити од кредитните линии ЕИБ 1, 2 и 3.

Во однос на точка 3.5 Финансиски средства обезбедени од заеми, страница бр. 40 во четвртиот став е наведено дека „само 9% ги исполниле условите и ги искористиле поволните кредитни линии“. Сметаме дека наведениот показател не преставува реален одраз за големината на опфатените претпријатија бидејќи го вклучува само бројот на регистрираните претпријатија при што не го зема во предвид следното:

- само дел од претпријатијата имаат потреба од кредити во нивното работење;

**МАКЕДОНСКА БАНКА ЗА ПОДДРШКА НА РАЗВОЈОТ**

**MACEDONIAN BANK FOR DEVELOPMENT PROMOTION**

Ул.Димитрие Чуповски 26, 1000 Скопје, Република Македонија
Phone/fax (++389 91) 3115-844/3114-840
SWIFT: MBDPMK22

- дел од претпријатија не ги исполнуваат општите услови за одобрување кредит, имено дел од нив имаат блокирани сметки, се презадолжени, имаат негативен капитал, немаат задоволителна ликвидност итн.

Од погоре наведените причини сметаме дека треба да се извршат корекции во Назрт извештајот.

Во однос на точка 3.5 Финансиски средства обезбедени од заеми, страница бр. 41 е наведено дека „малиот број на барања за одобрувања на кредитите се должи пред се на условите што МСП треба да ги исполни за одобрување на кредити-хипотека на недвижен имот, залог на подвижни предмети, меници и др, како и предностите кои се нудат на субјектите при нивното одобрување".

Би сакале да појасниме дека наведените инструментите за обезбедување на кредитите не се кумулативни, односно корисниците на кредитите може да понудат само еден од наведените инструменти. Поради тоа сметаме дека вака утврдените инструменти за обезбедување се прилагодени кон можностите и карактерот на целната група и во никој случај не се пречка за одобрување на кредитите бидејќи кредитите може да бидат обезбедни и само со меница.

Во однос на остатите услови напоменуваме дека тие беа применувани само за кредитната линија ЕИБ 1 и со нив се дава предимство на претпријатијата кои ги задоволуваат овие критериуми во однос на остатите исклучиво доколку на располагање нема доволно средства за финансирање на сите пристигнати барања.

Бидејќи утврдените критериуми не биле пречка за искористувањето на средствата сметаме дека соодветно треба да се корегира и Нацрт извештајот.

Во точка 3.5 Табела 9 „Број на поднесени и одобрини барања" во насловот на последната колона наместо „ЕИБ 3" треба да стои „ЕИБ 4".

Ви благодарам на соработката.

Со почит,

Главен извршен директор
Драган Мартиновски

**Одговор**
**на забелешки на**
**Нацрт извештај на Овластениот државен ревизор**

На ден 09.03.2016 година добиени се забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на успешност на тема „Ефикасност на системот на креирање и реализација на политики, мерки и активности во насока на развој и поддршка на мали и средни претпријатија во Република Македонија“ број 03-537/2 од 08.03.2016 година, од раководното лице Драган Мартиновски – главен извршен директор на Македонска банка за поддршка на развојот, заведени во Државниот завод за ревизија под број 09-198/9 од 09.03.2016 година.

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

1. Забелешката на констатираната состојба во **точката 3.5.** која се однесува на условите односно критериумите под кои се пласираат средствата од кредитните линии на ЕИБ до крајните корисници претставува известување/коментар за тоа кој од наведените критериумите се применувале при пласирањето за секоја кредитна линии одделно и истата **делумно се прифаќа**. Наведените критериуми под кои се пласираат средствата од кредитните линии на ЕИБ, ревизијата ги имаше во предвид во текот на извршувањето на истата. Поради поодделно прецизирање на критериумите при доделување на кредитите за секоја кредитна линии одделно, пасусот соодветно ќе се дополни во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор.

2. Забелешката на констатираните состојби во точката 3.5. која се однесува на утврдената висина на каматните стапки под кои кредитите се пласираат до крајните корисници **се прифаќа**, поради допрецизирање дека за кредитните линии од ЕИБ 1, 2 и 3, преку анекси кон склучените договори меѓу крајните корисници и деловните банки е применета каматна стапка до 5,5%.
   Наведената состојба ќе биде соодветно обелоденета во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор.

3. Забелешката на констатираната состојба во **точката 3.5.** која се однесува на процентот на претпријатија кои ги користеле поволните кредитни линии **не се прифаќа**, од причина што истата се однесува на причините кои довеле до наведениот процент на искористеност на кредити, кои овластениот државен ревизор ги има наведено во продолжение на наодот.

4. Забелешката на констатираните состојби во **точката 3.5.** која се однесува на условите што МСП треба да ги исполнат за одобрување на кредитите односно дека за добивање на кредитите не е потребно кумулативно исполнување на условите **не се прифаќа** од причина што ревизијата во текот на извршувањето на ревизијата ја имаше во предвид наведената состојба и во Нацрт извештајот не е констатирано дека е потребно кумулативно исполнување на условите за добивање на кредити.

5. Забелешката на **точката 3.5,** која се однесува на „Табела 9 - Број на поднесени и одобрени барања" **се прифаќа,** поради тоа што станува збор за техничката грешка и истата колона, ЕИБ III се коригира со ЕИБ IV. Наведената состојба ќе биде обелоденета во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор.